# ИЗЛЕЗ 11

СТУДЕНТСКО СПИСАНИЕ/ФЕВРУАРИ 2014/izlez.mk




**ПОСТОИ ЛИ Е-ДЕМОКРАТИЈА ВО МАКЕДОНИЈА**
стр. 08

**ДЕБАТНАТА КУЛТУРА НА ТАСТАТУРА**
стр. 16

**ПРОСТОРНА КОМУНИКАЦИЈА: ФАКУЛТЕТ-СТУДЕНТ**
стр. 20

**КОЛКУ Е ДОЛГА ЛИНИЈАТА НА ПОМАЛ ОТПОР?**
стр. 23

**УМЕТНОСТА НА ПОСТЧОВЕЧКОТО**
стр. 32

**КОЈА Е, ШТО Е, ЗОШТО Е ВАЖНА – СИМОН ДЕ БОВУАР**
стр. 42



СТУДЕНТСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА **ИЗЛЕЗ**
СО СВОЈА **РАДИОЕМИСИЈА** ВО ЕТЕРОТ.
СЕКОЈА САБОТА, ТОЧНО НАПЛАДНЕ:

# СТУДЕНТСКИ ПИКНИК НА КАНАЛ 103



## СОДРЖИНА »

|05 Е-ДЕМОКРАТИЈА, НАВРАЌАЊЕ КОН КОРЕНИТЕ НА ДЕМОКРАТИЈАТА |08 ПОСТОИ ЛИ Е-ДЕМОКРАТИЈА ВО МАКЕДОНИЈА? |11 ГРАЃАНСКИ АКТИВИЗАМ НА „ТВИТЕР“ |14 ПИРАТИТЕ ЗБОРУВААТ ИЛИ КАНТА ТРОПА? |16 ДЕБАТНАТА КУЛТУРА НА ТАСТАТУРА |18 МАЛИ ОРГАНИЗАЦИИ |19 СО ТРИ ЕДНОСТАВНИ ЧЕКОРИ – ДО ПОЛЕСНО ПЛАЌАЊЕ АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ |20 ПРОСТОРНА КОМУНИКАЦИЈА: ФАКУЛТЕТ-СТУДЕНТ |23 КОЛКУ Е ДОЛГА ЛИНИЈАТА НА ПОМАЛ ОТПОР? |24 КОЈА Е КИКА? |26 СТУДЕНТИТЕ – ГРАДИТЕЛИ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ СИСТЕМ |28 КИНОТЕКА НА МАКЕДОНИЈА – ЗАСОЛНИШТЕ НА ФИЛМСКИТЕ „ФРИКОВИ“
|32 УМЕТНОСТА НА ПОСТЧОВЕЧКОТО
|35 МУЗИКАТА НЕ Е БЕСПЛАТНА... ОСВЕН КОГА Е!
|39 ЗОШТО РОДОВИ СТУДИИ |40 СЕДУМ ВО СКОПЈЕ
|42 КОЈА Е, ШТО Е, ЗОШТО Е ВАЖНА – СИМОН ДЕ БОВУАР

**ГЛАВЕН УРЕДНИК** **ФРОСИНА СТОЈКОВСКА** | **УРЕДНИЦИ: ОПШТЕСТВО (ПОГЛЕДИ, ФОРУМ, АЛТЕРНАТИВА)** Александра Живковиќ | **НИЕ И СИСТЕМОТ** Ана Тодоровска, Калиа Димитрова | **МОЖНОСТИ И КАРИЕРА** Ѓорѓе Камов | **КУЛТУРА** Симона Јовчева, Јана Колева | **МУЗИКА** Дени Омерагиќ | **РОДОВИ СТУДИИ** Антонио Михајлов, Маријана Јанческа | **РЕДАКЦИЈА** Кристина Велевска, Ана Тодоровска, Весна Илиевска , Далибор Стајиќ, Калиа Димитрова, Илија Јованов, Иван Николовски, Илинка Стојкова, Виктор Цветиќ, Александра Живковиќ, Дени Омерагиќ, Ѓорѓе Камов, Вера Велевска, Симона Јовчева, Ана Ивановска, Јана Колева, Маријана Јанческа. **ЛЕКТУРА** Кристина Велевска, Даниел Матракоски **ФОТОГРАФИИ** Марина Закимовска, Илин Николовски, Кристина Божурска, Ивана Дракулевска, Сара Коцевска, Доријан Миловановиќ, Далибор Стајиќ. **ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН** Иван Дургутовски. **ЗА ИЗДАВАЧОТ** Здружение „Студентска организација Излез“. **КОНТАКТ** redakcija@izlez.mk, www.izlez.mk. **Контактите на авторите ѝ се познати на редакцијата**.

**ИЗЛЕЗ ИМА ПРОСТОР ЗА ТВОИТЕ ИДЕИ!**

следете нè на **Facebook: izlez**

web: **www.izlez.mk**

Драги мои,
Како поранешен студент, одлучив да му се приклучам на „Излез“ бидејќи нештата во животот некако се наместија така што, дури откако ги напуштив прашливите клупи на Филолошкиот факултет, сфатив дека никогаш не бев навистина свесна што сè подразбира синтагмата „јас сум студент“. На почетокотод моите студии, некако ми се чинеше дека ништо не може да се промени, бидејќи знаев само неколкумина што размислуваа како мене и мислев дека тоа не е доволно. Подоцна, направивме една аматерска театарска група, со која работевме, шетавме, учевме и се забавувавме бескрајно, и неретко си мислев дека, да не беше таа група, немаше ни оддалеку да насетам што значи студентскиот живот. Ова ми го наметна ставот дека тој единствено и може да се почувствува надвор од оние задолжителни нешта што ги бара студирањето. И не велам дека ја најдов магичната формула како да се биде исполнет студент во вистинската смисла на зборот, но тврдам дека, за да излезе од факултетот и притоа да биде задоволен од годините отстапени на тој период од животот – а години од животот треба да им се даваат само на вредни нешта, човек мора да биде активен. Да учествува. Да мисли и да се бори за себе и за нештата што му се важни.

Затоа, „Излез“ отсега уште повеќе ќе се залага против замолчувањето и за активирањето на студентите. Во тој дух, шокирани од ставањето на родовите студии во мирување и од нивната замена со семејни студии, решивме отсега „Излез“ на своето пространство да им отстапи место на заинтересираните за родовата тематика и така да го овозможиме натамошното, макар алтернативно, дообразување на младите за оваа проблематика. Во овој број, најголем дел од нашите страници ги посветуваме на интернетот како алатка за студентите – како за нивните задачи поврзани со образованието така и за нивното активно учество во подобрувањето на положбата на студентот во општеството, на интернетот како плодна почва за развивање вистинска демократија, и, како и секогаш, им дадовме збор на разни ентузијасти и иницијативи, уметници, креативци, активисти, професории организации, со што се надеваме дека уште еднаш „Излез“ ќе „објасни“ како го прават тоа студентите за студентите.

Со огромна желба со нас да престане пасивното „студентисување“, ве канам сите што ги читате овие страници студентски размисли, труд, храброст и креативност да ни се придружите и да го исцедите до крај плодот на своето неколкугодишно патување низ овој високообразовен систем и да не престанувате да пиете „на екс“ од вкусните и од горчливите сокови што ги создава студентскиот живот. Прв чекор кон тоа е сознанието дека не сте сами: не сте единственитешто не се помируваат со студентските незадоволства; што сакаат да се чувствуваат поактивно како млади граѓани, на коидопрва им доаѓа редот да цветаат и да итаат нанапред, а сè што им се претставува пред очите е сивило, безизлез и цупкање в место; штоне сакаатда се задоволат со студирањето само како фаза низ која поминуваат онака, колку да имаат некаква диплома; на кои им пречат неправди, протекции, непотизми, замолчувања; што сакаат да бидат студенти не само во смислата на седење в клупа и непроспиени ноќи за едни и читнување две-три страници за други испити; што сакаат да се забавуваат студентски, да живеат студентски, да мислат, да креираат и да дишат студентски. Да знаете дека има излез. И вториот чекор, многу поедноставниот: тркнете на izlez.mk и најдете си го своето место во светот на студентите и за студентите – „Излез“. Учествувајте, креирајте, дружете се, давајте идеи, и така, наместо слепо да ѝ се препуштиме на иднината на која други нè осудиле, заедно да си ја создаваме онаа што сакаме да ни припаѓа!

Фросина Стојковска
Главен уредник



# Е-ДЕМОКРАТИЈА, НАВРАЌАЊЕ КОН КОРЕНИТЕ НА ДЕМОКРАТИЈАТА

**ЗАЕДНИЧКИ ЈАВЕН ПРОСТОР, КАДЕ ШТО ГРАЃАНИТЕ МОЖЕ ДА ДИСКУТИРААТ ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ ПРАШАЊА, ДА ДОБИЈАТ ВАЖНИ ИНФОРМАЦИИ ИЛИ ДА ГЛАСААТ ЗА НОВ ЗАКОН.**

Иван Николовски [Политички студии, Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје]

Марина Закимовска



Во последните декади генерално се забележува тенденција на сè поголемо незадоволство од традиционалните политички партии, кое резултира со сè помала излезеност на гласање, како и со масовни протести како израз на заситеноста од застарените политички ветувања. Особено е загрижувачки фактот што во многу држави младите се сè помалку заинтересирани за активно учество во носењето политички одлуки и во процесот на гласање. Многумина ја посочуваат е-демократијата како концепт што нуди практични решенија за овие сериозни проблеми.

Е- демократијата или електронската демократија подразбира користење на новите информатички и комуникациски технологии за зајакнување на демократијата, на демократските институции и на демократските процеси. Е-демократијата е дополнителен фактор во ширењето на слободата на говорот и на правото за учество во управувањето на државата (како политичка организација на сите граѓани), како основни права и слободи. Преку користење на новите информатички и комуникациски технологии, се обезбедува подобра информираност, полесен пристап до процесот на донесување одлуки, како и намалување на јазот помеѓу потребите и барањата на политичките субјекти и на поединците.

Надвладувајќи ги просторните и временските граници, е-демократијата на граѓаните им дава можност да добијат информации или да комуницираат во реално време. Интернетот на граѓаните и на институциите им нуди воспоставување блиски контакти за размена на мислења на различни локации. Воедно, ова е и виртуелна платформа преку која властите може да се запознаат со барањата и со потребите на различни социјални групи, на локалните заедници и на индивидуите, преку непосредна комуникација со нив. Изминативе неколку години веќе се појавуваат и практични алатки преку кои е овозможено сето ова. Успешен пример за ваква комуникација меѓу власта и граѓаните и граѓанските организации е интернет-страницата на Белата куќа, преку која граѓаните може да иницираат петициии за различни прашања (https://petitions.whitehouse.gov/), но и да добијат одговор на прашањата на кои се однесуваат петициите од страна на легитимните претставници на американската влада.

продолжува »

## КОМПОНЕНТИ НА Е-ДЕМОКРАТИЈАТА

Во концептот на е-демократијата влегуваат петициите на интернет, активизмот на социјалните мрежи, евалуацијата на закони преку интернет, гласањето преку интернет, оценувањето на работата на законските претставници преку програмски алатки, организирањето граѓански пленуми, промоцијата и оценувањето на програмите на политичките партии, воспоставувањето интернет-платформи на кои секој има пристап до новите законски акти, како и можност да дава сугестии за нивно подобрување.

Ова се само дел од можностите кои придонесуваат за поактивно учество на граѓаните во политичките текови во својата држава.

Во светски рамки веќе се појавуваат конкретни интернет-платформи, развиени од експерти, но и од студенти, кои нудат практични решенија како: можност за поставување прашања на партиските кандидати и можност за оценување на нивните одговори преку интернет; отворање форуми на кои преку гласање се издвојуваат најважните проблеми во една заедница и потоа се дискутираат со инволвирање на релевантните политички субјекти, кои би биле законски обврзани активно да учествуваат во дискусиите; евалуација на партиските програми и простор за дебата за различни сегменти од нив; видеодебати со можност за вклучување на граѓаните; па дури и креирање специфицирани социјални мрежи како „Фејсбук“ или како „Твитер“, каде што секој што законски може да учествува во демократските процеси има свој кориснички профил од кој ќе може да гласа, да се вклучува во групи со слични сфаќања и барања, да организира средби или да повикува на социјална акција.



## ВОВЕДУВАЊЕ НА Е-ДЕМОКРАТИЈАТА

Е-демократијата може да биде воведена од секоја од заинтересираните страни. Може да биде поттикната од јавните власти или од граѓаните. Темата за употребата на новите алатки за промовирање на модерната демократија сè повеќе се актуализира.
Последниве неколку години сè повеќе политички партии во своите програми промовираат софтверски решенија за подобрување на демократскиот систем во своите земји. Како пример може да се посочи аргентинската партија Мрежна партија (шп. Partido de la Red), која се кандидира на изборите за градското собрание на Буенос Аирес и која во својата програма промовира изведување на своите активности примарно преку интернет, како на пример овозможување консултации преку интернет со граѓаните за оние прашања што најмногу ги засегаат, без оглед дали се партиски членови, членови на други политички партии или неопределени.



»

Прашање на време е целосното спроведување на компјутерските решенија за подобрување на политичките системи во светот. Преку новите компјутерски алатки, директната демократија, од утопија, се преобразува во реална можност за активно учество на граѓаните во политичките текови на својата држава и во креирањето на сопствената иднина во неа.



# ПОСТОИ ЛИ Е-ДЕМОКРАТИЈА ВО МАКЕДОНИЈА?

Т Виктор Цветиќ [Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје]

Сара Коцевска



Употребата на интернетот и на комуникациската технологија во 21 век стана едно од најнеизбежните нешта во нашето секојдневие. Нивното влијание се чувствува во сите делови на едно општество, меѓу кои и во функционирањето на демократијата и на основните човекови права што ги поседува секој поединец. За нас е особено интересно тоа како обичниот човек со помош на интернетот може да учествува во донесувањето на најзначајните одлуки во едно општество, односно да биде информиран за сè што се случува околу него. Предностите на овој тип модернизирање се, пред сè, во коригирањето на техничките недостатоци во функционирањето на нашата држава, меѓу кои се вбројуваат: големите количини документи, формулари, пристапници; неинформираноста на граѓаните за демократските процеси; незапознаеноста на народот со своите политички претставници; незаинтересираноста на младата популација за учество во демократските процеси итн.

Според последните податоци на Државниот завод за статистика, во Република Македонија, во 2013 година, дури 65 % од населението користи интернет во својот дом. Ова е одличен податок, кој е основа за натамошно развивање на информатичкото општество во нашата земја.
Во 2005 година Владата на Република Македонија започна со изработката на Националната стратегија за развој на информатичкото општество, која претставува прв чекор во развојот на е-демократијата.

Една од новостите што ги нуди оваа стратегија е можноста секој граѓанин да поседува своја единствена електронска адреса, која ќе може да биде користена за лична идентификација и како доказен материјал за неговото учество во виртуелниот политички живот. Воедно, оваа стратегија промовира и компјутер за секое дете во училиштата, како и целосна покриеност со интернет во државата. Осум години подоцна, Македонија сè уште заостанува во развивањето на интернетската култура за користење на модерните алатки за политичко учество.

## Е-СОБРАНИЕ И Е-ВЛАДА

Доколку ги разгледаме официјалните страници на нашето собрание и на нашата влада, ќе забележиме одредени подобрувања во однос на изминатите години. На интернет-страницата на Собранието на Република Македонија е оставен простор за праќање прашања до парламентарните членови, како и можност да се остави електронска порака до претседателот на Собранието. Воедно, граѓаните имаат можност по електронски пат да имаат увид во биографијата на сите парламентарци, увид во законските текстови, како и можност да поднесат амандман на некој закон.

Слични опции нуди и Владата на Република Македонија преку својата официјална страница. Поставувањето прашања и оценувањето на работата се само дел од активностите што граѓаните можат да ги направат преку интернет.

Сепак, она што е најзабележливо е недостигот од простор за комуникација меѓу институциите и граѓаните. Комуникацијата е еднонасочна, претставена преку праќање прашања или предлози до некој парламентарец или до Владата, а потоа одговорот, ако воопшто се добие, останува на индивидуално ниво, без можност другите граѓани да забележат дали институцијата е или не е транспарентна. Воедно, на овие интернет-страници им недостига оддел преку кој граѓаните јавно ќе дискутираат и ќе гласаат за одредени иницијативи, кои би требало да поттикнат натамошна активност од политичките претставници.
И покрај тоа, страницата www.ener.gov.mk, на која се објавуваат сите предлог-закони на министерствата и на која постои можност за нивно коментирање, е за поздрав. Коментарите се објавуваат јавно, а претставниците на власта се обврзани да одговараат на нив.

продолжува »



## Е-ПЕТИЦИИ

Една од најголемите слабости во нашиот систем е непрепознавањето на е-петициите како законска и легитимна демократска алатка за иницирање промена.
Освен тоа што во нашите закони се изоставува овој вид граѓанско организирање, петициите на интернет воопшто и не се земаат предвид од политичките субјекти во нашата држава, ниту поттикнуваат некаква дебата во медиумите.
Со други зборови, гласот на народот, кој е основен, единствен и правно заштитен пред сè, не се зема предвид поради техничките и законските недоразвиености. Како примери за помасовни виртуелни петиции што се само дел од низата петиции што никогаш не биле разгледани може да се посочат: петицијата за поставување лежечки полицајци на ул. „Октомвриска“ во Скопје, петицијата за скејт-парк во главниот град, петицијата за креирање посебно полициско тело што ќе биде во функција на полиција за заштита на животните, петицијата против генетски модификуваната храна во Македонија итн.

## Е-ОПШТИНИ

Е-демократијата посебно значење има во општините. На ова ниво, особено во нашата држава, електронските алатки може да бидат од круцијално значење за спроведувањето директна демократија со целосно учество на граѓаните од општината во одлучувањето. Ако ги разгледаме страниците на општините во Република Македонија, освен известувањата за редовните активности, се забележува и активирањето модерни алатки за комуникација на граѓаните со градоначалниците. Поголемите општини на своите страници го нудат одделот „Пријави проблем“ како начин граѓаните да алармираат за своите потреби.
Сепак, изостанува промоцијата на поактивната комуникација меѓу граѓаните и политичарите. Секако, една од најзначајните иницијативи е и идејата што се обелоденува преку добропознатата интернет-страница popravi.mk, која претставува место на кое може да се пријават проблеми, како и да се изразат незадоволства и различни мислења околу конкретни општествени прашања, со цел да се влијае врз нивното натамошно решавање.

## Е-ДЕМОКРАТИЈАТА И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО МАКЕДОНИЈА

Секако, тука мора да напомeнеме дека исклучително значење за развојот на е-демократијата имаат организациите од граѓанскиот сектор. Како пример може да ја посочиме „Метаморфозис“ со нејзините добропознати интернет-страници, како што се „Гласомер“ и „Вистиномер“. Преку „Гласомер“, на граѓаните им се понудени прашалници со кои тие, според своето расположение, точно ги утврдуваат ветувањата на властите и, секако, тоа претставува сериозен тест за нивната доверба. „Вистиномер“, пак, прикажува до кој степен се реализирани ветените проекти. Овие иницијативи се совршени примери за тоа како треба да изгледа една типична е-демократија.
Исто така, една од најквалитетните иницијативи за слободниот пристап до информации е и интернет-страницата spinfo.org.mk, која нуди можност за поднесување барања и жалби до државните институции. Оваа страница содржи повеќе од 4000 поведени постапки, што претставува значаен доказ за тоа колку се заинтересирани граѓаните за е-демократијата.

Во нашата држава, е-демократијата допрва треба да се развива. Треба да се одвојат повеќе средства за развивање на компјутерските алатки, што би довело до поекономичен начин на спроведување на демократијата. Потребно е да се замени стариот лавиринт на административни постапки со нов софистициран, модерен и ефикасен систем и да се овозможи активно вклучување на обичниот граѓанин во креирањето на државна политика, а не тој да биде безгласна буква.

# #ГРАЃАНСКИ АКТИВИЗАМ НА „ТВИТЕР“ – БИДУВА ЛИ МАКЕДОНИЈА ПОАРНА?

Социјалните мрежи, пред сè „Твитер“ и „Фејсбук“, последниве неколку години станаа значајна алатка во организирањето движења за социјална и за политичка промена низ целиот свет: од хуманитарни акции до масовни протести, хаштагот поврза илјадници луѓе во намерата со заеднички сили да се постигне некоја повисока цел.

Во какви услови се развива заедницата на „Твитер“ во македонија? Постојат ли активности непосредно поттикнати од твитерџии чија цел е промена или зајакнување на општествената свест за одреден проблем? На овие две прашања ни одговорија неколку наши твитерџии.

Т Александра Живковиќ [Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје]

„Twitter календар“ - Владимир Тасевски, Ани и Дими

## ТАМАРА АТАНАСОСКА

@TAtanasoska

Социјалните медиуми или друштвените мрежи се само одраз на нас самите, а и на општеството во кое живееме: тие се само одраз на тоа како стојат работите во светот „офлајн“. Па, така, и можностите и нивната значајност и влијание во креирањето нови иницијативи или, пак, социјални промени целосно кореспондираат со тоа колкав степен на свесност за промена постои во светот „офлајн“. Ако живееме во општество во кое свесноста и граѓанското учество се многу мали, тогаш и влијанието кон вистинска општествена промена на социјалните мрежи ќе е многу мало, каков што е случајот со Македонија.

Имаме социјални медиуми, секојдневно се вклучуваме на нив, си зборуваме, но можеме да забележиме дека искористеноста на ваквите скапоцени, целосно демократски алатки, за политичка цел, за цел за социјално добро, како сакате наречете ја – е многу мала, односно се сведува на коментирање. Се бијат шеги со апсурдните ситуации што ни ги подготвуваат Владата и политичките актери, се офка, се прават интелигентни и суштински забелешки на кои се аплаудира – но таму застанува. Тоа ќе го најдете и „пред кооперација“, на домашни слави, во политички емисии, во Парламентот, на улица. Нашата свесност за социјална ангажираност и за граѓанско учество е дотаму.

Еве, да го земеме и настанот со протестите против полициската бруталност – битките не се водеа на социјалните медиуми. Се протестираше секој ден по седум часа, некогаш помалку, некогаш повеќе. Волјата за протестирање постоеше надвор од социјалните медиуми, тие се користеа само за тоа за што и треба да се користат – само како една помошна алатка во целиот процес. Навистина, социјалните медиуми одиграа клучна улога во ширењето на почетната информација, но во истото време додека „се твиташе“, веќе бевме собрани во парк и имавме викнато медиуми.

Не сакам да ја оспорам или, пак, да ја намалам вредноста на целосно анархистичките медиуми, како што е „Твитер“, каде што секој може да означи кого сака, да влезе во секаква дебата, која, ако се користи како што треба, може да биде огромна поддршка за еден процес што би водел кон промена. Сакам само да истакнам дека сè додека нема свесност и промена во самиот корен на општеството во кое живееме дека нашето граѓанско учество мора да се зголеми – дотогаш и влијанието на социјалните медиуми ќе си остане мало.

продолжува »











## ИЛИНА ЈАКИМОВСКА

@IlinaBookbox

Идејата за организирање на календарот дојде спонтано, кога на „Твитер“ видов фотографија со хаштаг #твитерженi, на Владимир Тасевски, кого претходно не го познавав. Предложив да се направи хуманитарен календар, но без намера токму јас да го организирам. Сепак, така излезе – јас, Владимир и уште еден фотограф, Димитар Петровски, објавивме јавен повик за жени и за девојки што би биле подготвени да позираат, без претходно искуство и без какви и да е предуслови во врска со изгледот и со годините. По некоја случајност, на крајот останаа токму дванаесет девојки, по една за секој месец. На почетокот на акцијата имаше и понекој „хејт“ и „тролања“, особено во врска со голотијата, но на промоцијата стана јасно дека сета доверба во професионалноста и во умереноста на фотографите беше оправдана. Календарот му го наменивме на здружението за превенција од рак на дојка „Борка“, поради што суптилноста на фотографиите беше особено значајна. Од продадените фотографии, во соработка со Црвениот крст на град Скопје, купивме и новогодишни пакетчиња за едно многучлено социјално загрозено семејство од околината на Скопје и кукла (со црвена коса) за едно девојче од згрижувачко семејство. За мене и за сите што учествуваа тоа беше едно многу убаво искуство, кое некако направи да веруваме дека „киснењето“ на интернет не е секогаш бесмислено и дека „социјалното“ во „социјалните“ мрежи навистина може да се прелее во реалниот живот.

## ИВО ГИЕВСКИ, СЛАВЧО АНДОВ

@ivogievski @IceManAndov

Крводарителската акција организирана од двајца твитерџии исклучиво преку социјалните мрежи и поддржана од Црвениот крст на Република Македонија доби одличен одзив. Со 93 дојдени крводарители, од кои 75 беа прифатени за дарување, беше една од поголемите акции во земјава од овој вид. Како ретко која друга крводарителска акција, привлече и многумина што за првпат се одлучија да даруваат крв, што е од голема важност за натамошното развивање на ваквите хуманитарни акции во нашата земја и на што организаторите се посебно горди. Иницијално, крводарителската акција беше промовирана на „Твитер“ преку хаштагот #Крводарители и веднаш наиде на одобрување од заедницата, особено поради хуманитарниот карактер. Како социјална мрежа, „Твитер“ овозможи лесно ширење на информацијата, пред сè благодарение на поддршката од мноштвото твитерџии. Поради добрата прифатеност, планот е акцијата да се организира на секои шест месеци, со цел уште поголем одзив, особено кај помладите граѓани, кои се поприсутни на социјалните мрежи.

## ЃОКО ПАРГО

@parg0

Кон средината на август 2013 година, во некои електронските медиуми одекна веста за деветчленото семејство со седум малолетни деца што живее во исклучителна беда во селото Црешнево, во околината на Македонски Брод. Јас и уште неколкумина, кои нè спои оваа трогателна приказна, успеавме за кратко време преку „Фејсбук“ и преку „Твитер“ да организираме хуманитарна акција во која заинтересираните граѓани можеа да донираат онолку колку што милуваат и можат. На наше огромно изненадување, кое потоа прерасна во сериозен логистички проблем, за само едно попладне, во периодот од 16 до 19 часот, добивме преку педесет донации и се собраа купишта облека, храна, играчки, па дури и малку финансиски средства. Донираа луѓе од сите возрасти и социјални групи. Мене лично најмногу ме допре донацијата од неколку маалски деца на рана училишна возраст, кои цела седмица изработувале и продавале бижутерија и потоа собраните средства ги искористиле за да купат секакви „потребштини“ за своите сиромашни другарчиња. Веќе наредниот ден, со три приватни возила, кои буквално беа натоварени до покривот, тргнавме и стасавме во Црешнево. Времето и трудот што беа вложени, верувајте, се минимални во споредба со детската смеа што ја добивме тие два-три часа, колку што останавме во домот на семејството Цветаноски. Според сето тоа, можам само да заклучам дека нашите сограѓани, иако можеби без доволно слободно време, секој со своите проблеми и во трка за обезбедување егзистенција за себе и за семејството, имаат огромни срца. Потребно беше да се потроши само малку време на неколку поединци за тие да ги препознаат добрите намери и несебично да се приклучат. Секако, за успехот на оваа акција веројатно најмногу им должиме на алатките што беа искористени, т.е. на социјалните мрежи, кои се покажаа идеални за ваков вид граѓански активизам.

## ЈОВАНА ТОЗИЈА

@jovanatozija

#НаТочак е вистински пример за граѓански активизам произлезен од социјалните мрежи. Од еден „твит“ во кој беше илустрирана велосипедската „Критична маса“ во Будимпешта и од неколку коментари од типот на „зошто нема и кај нас вакво нешто?“, #НаТочак прерасна во едно од најпостојаните граѓански движења последниов период кај нас. Во време кога секој искрен граѓански активизам се партизира, #НаТочак и „Критична маса“ во Скопје сè уште се вид неформално здружение на граѓани, кое секој месец ги вади на улица своите граѓани, не поврзувајќи се со какви било имиња, невладини организации и проекти за кои се одобрени грантови, туку во преден план ја има само идејата Скопје да стане град во кој велосипедот како транспортно средство подеднакво ќе се третира и од градските власти и од другите учесници во сообраќајот. Лично сум многу горда на ова движење и за мене тоа е една од најсветлите точки во модерниот граѓански активизам во Македонија.

# ПИРАТИТЕ ЗБОРУВААТ ИЛИ КАНТА ТРОПА?

Последниве неколку години, Европа наголемо сведочи за создавањето младински пиратски партии, чиј лајтмотив е улогата на интернетот во современото општество. Во што се огледува нивното дејствување и колкав успех бележат наспроти традиционалните политички партии? Ве водиме на прошетка по патот на европските „пирати“ и ве запознаваме со нивното „разбојничко“ секојдневие.

Кристина Велевска    Марина Закимовска



Септември беше мошне важен месец за дигиталната генерација млади во Европа: Стариот континент го засведочи здружувањето на петнаесет младински политички партии во единствена платформа нашироко позната како Европска пиратска партија. Оваа симболична спојка, која обединува река млади поборници за признавање на улогата на интернетот во модерното општество, ќе настапи со своја програма на претстојните избори за пратеници во Европскиот парламент, закажани за мај 2014 година. Сред забрзаните подготовки на својата голема конференција, која ќе се одржи во екот на предизборието во март 2014 година, Пиратите се покажуваат неуморни во потрагата по своето место под сонцето, но нивниот успех се менува од ден на ден со невидена брзина.

Пиратските партии излегуваат накрај со мошне чувствителни теми, кои ретко или воопшто не се на дневниот ред на традиционалните политички партии. Преку своите иницијативи, Пиратите им пристапуваат, пред сè, на младите гласачи, односно на припадниците на т.н. „дигитална генерација“. Алтернативен лајтмотив на Пиратите се важноста и улогата на интернетот во современото општество — наголемо занемаруван и недоволно разгледуван аспект од страна на водечките европски партии. Настојувањата на Пиратите се врзани за пошироко социјално движење со светски димензии, чија цел е да го привлече вниманието на светската јавност кон проблемите произлезени од дигиталната револуција. Во таа насока, формалното организирање на ова движење во национални пиратски партии е алатка што треба да мобилизира што поголема маса младинци од цела Европа.

Пиратите се појавија во 2006 година, кога во Шведска беше основана првата партија од ваков вид во Европа. Претставувајќи се со програма што остро го критикуваше тогашното затворање на платформата за споделување датотеки, „Пајрат беј“, Пиратите неочекувано добија 7,13 отсто од вкупниот број гласови на шведските избори за пратеници во Европскиот парламент во 2009 година; со овој резултат, тие си обезбедија две пратенички места во Стразбур. Набргу по успехот на Швеѓаните, пиратски партии основаа Австријците, Французите и Британците, но никој од нив не забележа врвен политички дострел како Пиратите во Германија. Влезот на Германската пиратска партија во Сенатот на Берлин — едновремено и главен град и сојузна покраина — беше вистинско изненадување за германската јавност во 2011 година. Според анкетните мерења, дури и една година подоцна, Пиратите имаа речиси 10 отсто од целокупната граѓанска поддршка во Германија.

Според познавањата на стручната јавност, Пиратите, се чини, добро ги препознаа приоритетите на германската младина во тогашните услови, па аналитичарите често им предвидуваа светла иднина како алтернативна социјалдемократска партија со свеж глас и полна со елан. Сепак, само една година по првичниот забележан подем, Пиратите не успеаја да добијат доволно голема поддршка на годинашните парламентарни избори за да влезат во Германскиот Бундестаг. Тоа што германските граѓани се многу чувствителни кога се работи за нивната приватност не се покажа како доволно силен мотив за да се гласа за Пиратите. Ако се погледне одблизу, лесно може да се забележи оти германските Пирати го доживеаја својот најголем успех кога преку своите иницијативи, меѓу другото, почнаа гласно да упатуваат барања за поголемо граѓанско учество во демократските општествени процеси, како што беше случајот со воведувањето можност за гласање на референдум преку интернет. Ваквиот потег направи слика за нив како поборници за директно демократско учество, што само по себе остави забележлив печат кај младината.

Всушност, Пиратите изгубија голем дел од поддршката што сестрано им беше дадена на почетокот, бидејќи се увиде оти нивната програма е премногу тесноградa и строго ограничена на прашања што немаат конкретна врска со најгорливите проблеми на Европа: економијата и невработеноста. Многумина од редовите на Пиратите беа убедени оти Европа има сериозна потреба од слободно изразување на интернетската мрежа и засилено почнаа да полагаат надежи во скандалот предизвикан од Едвард Сноуден, со кој се фрли светлина врз шпионските програми на американската влада, но попусто: европските Пирати останаа на работ од видикот на јавноста. Нивната неможност — некои дури би рекле и неспособност — да извлечат корист од храбриот потег на Сноуден покажа оти интернетот не е толку важен за европската политичка елита колку што мислеа тие.

Една од главните причини за слабиот напредок на пиратската филозофија е недостигот од вистинска смисла за лидерство во редовите на Пиратите. Повеќе од јасно е оти европските пиратски партии не може да се издигнат на рамништето на традиционалните политички сили само со повремено поведување кампањи за слобода на говорот на интернет. Интернетот можеби неповратно продре во секојдневието на Европејците, но се чини дека е сè уште недоволно убедлив како тема во изборните кампањи. Ако Европската пиратска партија има намера да добие што повеќе приврзаници, мора да се оддалечи од сликата на „партија за хакери“ и што поскоро да опфати пошироки проблематични целини во своите програми, какви што се транспарентноста на државните апарати или влијанието на меѓународните корпорации во процесите на политичкото одлучување. Дали промената во стратегијата ќе донесе новини ќе покаже промената во поддршката на младото европско граѓанство, без оглед дали таа ќе падне или ќе порасне.




**Новите медиуми значително ги забрзаа протокот на информации и процесот на комуницирање, што од друга страна не мора да значи дека води и до поголем квалитет: под новото влијание, аргументирањето сè почесто се заменува со слабо обмислени тврдења, а непочитувањето и агресивноста често му се придружни појави.**

# ДЕБАТНАТА КУЛТУРА НА ТАСТАТУРА: ЗА И ПРОТИВ ДРУШТВЕНИТЕ МРЕЖИ

T Далибор Стајиќ

Имаме недостатоци во дебатната култура, ќе чуеш од една страна. Имаме недостиг од дебатна култура, уште посилно се слуша од другата. Да се има мислење е сечие демократско право, но да се застапува и да се брани тоа мислење – не е ни малку лесен подвиг. Аргументирањето, како логичка потпора на личните убедувања, е занает што се учи доживотно. Сепак, за него не се полага стручен испит: неговиот успех се докажува и се одржува со постојано надградување. Во услови каде што јавноста постепено пренесува дел од себе на светската интернет-мрежа, неминовно се наметнува потребата од мерење на влијанието на друштвените медиуми, како нови носители на секојдневната комуникација, врз дебатната култура во нашите граници: што говори за, а што против?

Препознавањето на можностите за развивање на дебатната култура преку друштвените мрежи бара претходно разграничување помеѓу содржината и формата. Новите медиуми значително ги забрзаа протокот на информации и процесот на комуницирање, што од друга страна не мора да значи дека води и до поголем квалитет: под новото влијание, аргументирањето сè почесто се заменува со слабо обмислени тврдења, а непочитувањето и агресивноста често му се придружни појави. На интернет-мрежата се комуницира далеку покруто отколку при непосредниот контакт лице в лице: дигиталната генерација млади без проблем може да го восприми навредливиот збор и воопшто да не го смета за некакви проклетство. Во поглед на содржината, пак, расправата на интернет не може да се поврзе со каква било планска дебата. На крајот на краиштата, не е злато сè што се наоѓа на интернет: има луѓе што дневно пишуваат стотина „твитови“ во кои не може да се најде ништо разумно, но со тоа што им е дадена можност за непосредно учество во виртуелната јавност, интернетот ѝ отвора шанси на дебатната култура.




Оваа предност најјасно се огледува во навиките што ги поттикна „Википедија", најголемата електронска енциклопедија на светот: нејзиниот систем секому му дава простор индивидуално да излезе накрај со морето информации — на своја одговорност и надвор од каква било стручна контрола. Интернетот ги нема филтрите на кои е навикнат читателот на весници: редакциите поврзуваат повеќе смисловно сродни ставови и ја концентрираат дискусијата врз јасно одредено тежиште. За разлика од нив, на интернет-мрежата секој за себе мора да научи како да се снаоѓа со огромниот прилив информации, зашто никогаш, на пример, не може да се има преглед врз „твитовите" на петстотини корисници. Сепак, корисникот овде може да примени свои филтри за избор на содржините; тоа значи дека корисникот не е само примач, ами и испраќач, со што делумно почнува да го креира и јавното мислење.

Активното учество и секојдневниот придонес на поединците на интернет-мрежата, всушност, покажуваат што им е важно на луѓето. Темите што ги избегнуваат политичарите и медиумите својот пат до општествениот подиум бргу може да го најдат преку интелигенцијата што ја развиваат друштвените медиуми. Таков беше примерот со прекланската дебата за одредбите во Предлог-законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, кои се однесуваа на комуникацијата преку интернет-мрежата. Противниците тогаш наголемо предупредуваа оти формулациите во законскиот текст непосредно може да доведат до кршење на членот 16 од Уставот на Република Македонија и, уште полошо, до целосно укинување на можностите за јавна дебата преку интернет-страниците регистрирани во Македонија.

Конечно, ризиците отсекогаш постоеле и натаму ќе постојат. Интернетот повеќе не бара од нас да ги одмеруваме своите аргументи, така што личниот влог однапред е значително намален, но мора да согледаме дека слободните простори, како што се друштвените мрежи, со себе носат одреден трошок: како да научиме правилно да го користиме потенцијалот на дадената шанса. Ако не сме подготвени да го поднесеме овој трошок, многу малку ќе резултира со смисла. Оттаму, на индивидуата ѝ е потребно соодветно образување, неопходно ѝ е основно разбирање на структурата на интернетот, насушна ѝ е подготвеност да погледнува во заднината на дадените околности и постојано да го доведува во прашање она што веќе ѝ се чини познато. Секој од нас треба да биде свесен за реалната поставеност на нештата на светската мрежа, зашто никогаш не се знае што може да добие признак на општествено важно прашање. Без вложување напори, не се стигнува далеку ниту во виртуелниот свет: како и традиционалната јавна расправа така и дебатата на интернет бара труд што доаѓа однатре и што се врзува за добрата волја.

БИНГО ЗА МЛАДИТЕ ОД СИТЕ ЕТНИКУМИ

# ТРИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ЧИСТА ДЕСЕТКА

Од огромниот кош младински организации, „Излез“ одвои три што се навистина интересни и примамливи за „озборување“ меѓу младите. Тие денес дејствуваат и активно работат во сферата на активизмот, неформалното образование, можностите за младите и на градењето успешна кариера. Во продолжение – најинтересните детали за нив.

Т Ѓорѓе Камов [Висока школа за новинарство и за односи со јавноста]

## NE JEMU JU

На студентите од градот Тетово, но и од пошироко, им се нуди можноста да членуваат и да волонтираат во организацијата „Ne Jemi Ju“, во превод од албански – „Ние сме вие“.  Оваа организација дејствува на локално ниво, но тоа не значи дека некој студент од друг дел на државата не може да членува во неа. Целта на младите луѓе што ја оформиле оваа нова организација им е да создадат мост што ќе ги поврзува младите со институциите.  Тоа планираат да го постигнат со иницијативата да се создаде поголем и повлијателен притисок врз институциите во нашата земја со цел тие да работат повеќе за младите. Како што може да се забележи, целна група на оваа организација се студентите и младите луѓе. Основана е во 2012 година од страна на студенти што билеизреволтирани од резултатите од работата на институциите со студентската маса. „Ne Jemi Ju“, од самото основање до денес,има реализирано повеќе важни активности, од кои вредни за споменување се  делењето шестотини ироничниу дипломи, поставувањето училишни клупи по улиците како реакција против непостоењето градски читалници, различните хуманитарни акции и чистењето на излогот на градската библиотека.

## РОМАВЕРЗИТАС

„Ромаверзитас“ е организација што во последно време активно работи на полето на едукацијата и на активизмот. Оваа организација, на некој начин, претставува програма за високо образование на Ромите и е дел од Ромската образовна програма, која се спроведува од ФОО – Македонија. Имено, оваа програма, основана во 2001 година преку иницијативата на ФОО – Македонија и на ИОО – Будимпешта, е продолжение на програмата за стипендирање и за менторирање студенти со ромска припадност со цел да се промовираат еднаквите можности за влез во образовните институции во Македонија. Организацијата е формирана како резултат на потребата од финансиска и од дополнителна академска поддршка во процесот на студирање на студентите со ромска етничка припадност, а главните цели се успешен премин од една во друга академска година, развивање дополнителни професионални вештини кај студентите, навремено дипломирање и вклучување во општествените процеси.

## GENC KALEMER

„Genc Kalemler“, во превод „Млади моливи“, е турска организација на територијата на Република Македонија, која на некој начин ги спојува студентите од Македонија со студентите од Турција. Во неа може да членуваат лица со различна етничка припадност, што покажува дека оваа организација ги отвора вратите за секој млад човек што е заинтересиран за неа.  За пофалба, пред сè, се активностите реализирани во областа на театарот, културата, образованието и на хуманитарните акции. Исто така, оваа организација веќе три години по ред испраќа студенти на универзитетот „Тракија“ во Турција. Соработката со овој  универзитет им нуди на младите можност да го продолжат студирањето во Турција, при што добиваат препорака од самата организација. Основана е со цел да обедини толпа млади луѓе во земјата за заемна соработка и за реализација на некои зацртани цели.

* Мобилните телефони во служба на студентите

# СО ТРИ ЕДНОСТАВНИ ЧЕКОРИ – ДО ПОЛЕСНО ПЛАЌАЊЕ АДМИНИСТРАТИВНА ТАКСА

Плаќањето административна такса преку мобилен телефон иако можеби не е најчестиот начин на подмирување на оваа давачка задолжителна за студентите, сигурно е наједноставниот и најбрзиот. Иако е мал бројот на студентите што на овој начин ги плаќаат административните такси, многуте позитивни страни на ваквото плаќање допрва ќе дојдат до израз.

Вера Велевска [Економски факултет]

● Веќе некое време Министерството за информатичко општество и администрација го спроведува проектот за воведување можност за електронско плаќање на услугите што ги даваат владините институции. Во однос на ова, најкорисна за студентите е можноста за плаќање административна такса преку мобилен телефон, поконкретно преку апликацијата преку која може да се изврши наплатата, која беше промовирана на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, а чија цел е да се олесни плаќањето на оваа услуга. Наведената апликација ја поддржуваат телефонските апарати со платформите „андроид“, „блекбери“ и „ајфон“, па сите студенти што имаат т.н. паметни телефони имаат можност да ги ползуваат придобивките од неа.

Откако излегоа од употреба таксените марки и откако почна плаќањето на административната такса преку уплатници, метежот во банките и во поштите пред секоја испитна сесија се зголеми двојно. Избегнувањето на чекањето во долги колони е најзначајната придобивка од воведувањето на можноста за електронско плаќање на оваа такса. Отсега, плаќањето може да се изврши многу побргу од кога било претходно, и тоа од секое место и во секое време.

Инаку, целиот процес е многу лесен и едноставен, а со тоа и брз за спроведување. Постојат само три едноставни чекори што водат до успешно извршување на трансакцијата. Откако ќе ја инсталира апликацијата „Таксена марка“ на својот телефон, корисникот на услугата треба да ја одбере категоријата „Студенти“, а потоа да го внесе износот што сака да го уплати, во зависност од тоа колку таксени марки сака да купи.

● Сепак, целата приказна има и една друга страна. И покрај очигледните придобивки, можноста за електронско плаќање на административната такса не е достапна за сите студенти. Пред сè, апликацијата не може да ја користат оние што немаат паметни телефони. Уште повеќе, многу е мал бројот на факултетите што ја нудат ваквата услуга, иако уште при нејзиното воведување беше упатен апел до сите институции да се пријават за да добијат корисничко име и лозинка, како и обука за кадарот што ќе го користи системот и што ќе врши проверка за успешноста на трансакцијата; освен ФИНКИ, кој прв го воведе овој сервис за електронско плаќање на административната такса, сè уште на прстите од едната рака се бројат факултетите што ја нудат оваа можност. Освен тоа, ретко кој од студентите е запознаен со постоењето на ваква апликација, па добро би било да се поработи малку повеќе на нејзиното промовирање со цел што поголем број студенти да ги искористат бенефициите што таа ги нуди.

Постои и можноста за плаќање административна такса преку кратка порака (ес-ем-ес), но и тој систем засега функционира само во службите на Министерството за внатрешни работи, така што не е од голема корист за студентите.

Плаќањето административна такса преку мобилен телефон – преку апликацијата или преку порака – иако можеби не е најчестиот начин на подмирување на оваа давачка задолжителна за студентите, сигурно е наједноставниот и најбрзиот. Иако е мал бројот на студентите што на овој начин ги плаќаат административните такси и на факултетите што ја нудат оваа можност, многуте позитивни страни на ваквото плаќање допрва ќе дојдат до израз.



# ПРОСТОРНА КОМУНИКАЦИЈА: ФАКУЛТЕТ-СТУДЕНТ

Калиа Димитрова
Илин Николовски



Еднаш, една професорка ми кажа  дека студентот денес не е тоа што бил порано. Дека е студентот незаинтересиран до таа мера што морале да измислат електронски картички за евиденција на присуството. „Се чувствуваш како в затвор", велеше таа. Студентот треба да сака да поминува време таму, тој треба да е жеден за повеќе, практично да заспива во библиотека. Сега предлагам за момент да заборавиме на таа идеална верзија на студент. Да размислиме, наместо тоа, дали има во која библиотека да заспие.  Дали ќе ја најде книгата што ја посакува. Дали ќе има достапност до интернет. Дали воопшто ќе има желба да биде во таа просторија или ќе ги одбројува секундите до моментот кога зад себе ќе ја затвори вратата на факултетот.

Факултетот, од просторна перспектива, не постои само за да понуди простории за предавања и за полагања. Тоа е институција што треба да инспирира, да биде повикувачка, отворена и достапна – исто како и професорите што ја претставуваат. Ми се чини дека во ситуација во која факултетот не успеава да ја постигне таа комуникација, следствено и студентот не успева да биде тоа што од него се очекува да биде. Зборувам, пред сè, за услови што те поканувaат, за снабденост од инфраструктурна перспектива и секако – за подготвеност од перспектива на персоналот. Инспирирана од оваа тема, се впуштив во анализа на некои од факултетите на УКИМ. Анализата се засновуваше на истражување на факултетите, на разговори со студентите и конечно – на разговори со себе бидејќи, по сè, сопственото искуство знае најсилно да сведочи за работите. Како дипломиран студент на Правниот факултет „Јустијан Први", првото нешто на што помислив е сапунот.  Велам сапунот – мислам на неговото отсуство.  Каде е сапунот во кој било од факултетите на УКИМ? Одев од тоалет до тоалет и го земав сапунот како пример за нешто што би требало да биде основно, но се третира како луксуз. Следејќи ја линијата на мистичниот сапун, забележав дека и други основни хигиенски средства во тоалетите на факултетите се недостапни. Еден студент што понекогаш на факултет треба да помине повеќе од шест часа – практично нема каде да си ги измие рацете. Се прашуваме зошто постои одбивност кон факултетите. Во сите овие навидум мали недостатоци лежи целата сложувалка. Имаме ЕКТ систем, но немаме ниту една просторија со постојан пристап до безжичен интернет што е достапна и отворена, ниту снабдена библиотека или пак какво било место за изработка на проекти и за социјализација. Повеќето студенти со кои зборував на оваа тема ми кажаа дека едвај чекаат да си заминат од факултетот. Земајќи ги сите фактори предвид, сè повеќе ми изгледа дека, покрај фрустрациите со администрацијата, и негрижата за инфраструктурата има огромна врска со одбивноста кон факултетите, која се шири како чума.

Сепак, медалот ја има и другата страна. Постојано зборуваме дека, доколку сакаш да видиш промена, треба самиот да бидеш промена. Доколку студентите имаа желба и доколку беа подобро организирани, факултетите можеби и немаше да бидат синоним за некое мрачно место каде што одиш кога мораш. Од сопственото искуство од студентската размена во Вилниус, Литванија, можам да кажам дека има многу работи за кои студентот може да се грижи сам. Како пример за тоа би ги зела тоалетите во универзитетот, кои беа одржувани од самите студенти, или одлично функционалната интернет-библиотека, која исто така била успешна иницијатива на студентите.

Нашите факултети се можеби скромни од инфраструктурен аспект и тоа е дефинитивно нешто што мора да се посочи, но тие изобилуваат со простории што може да се искористат продуктивно и што би оделе во прилог на доближувањето на факултетот, како институција, кон студентот. Во таа насока може да се поздрават сите невладини студентски организации што работат на своите матични факултети. „Бест", АЕГЕЕ, АИЕСЕК, Клубот на оратории „Рес публика" се само дел од организациите што не само што работат во простории на факултетот туку и таму организираат настани, конференции и семинари од отворен карактер. Сепак, останува отворено прашањето: колку е лесно (или тешко) да се добие една ваква просторија? Некои од овие организации мора да плаќаат кирија за тој простор, а тоа ги прави споменатите простории помалку достапни за користење.

продолжува »

»

Од друга страна, пак, просторот надвор од факултетите може да биде користен во кое било време, за каква било активност, без никаков паричен надоместок. Тој е достапен за сите граѓани, не само за студентите, и е погоден за иницијативи започнати од нивна страна. Конкретно на оваа тема поразговарав со членови на МЕЛЕЕМ (Здружение за развој на урбаната култура и актуализација на просторот), од каде што сметаат дека „Факултетските згради во градот Скопје со намера се групирани и лоцирани едни до други во зависност од науките што ги изучуваат. Доколку  го земеме како пример комплексот што ги вклучува електротехничките факултети, јасно е дека се работи за прекрасен комплекс објекти, кој не е затворен со ѕидина за околните жители, туку напротив, со парковите околу овие факултети се служат не само студентите туку и сите жители на Карпош 2. На еден од паркинзите и тревниците од овој комплекс се имаат одржано повеќе културни настани, акции на Црвениот крст, мали спортски натпревари – што докажува дека факултетскиот простор е допадлив за луѓето и дека тие го чувствуваат како свој. На сличен начин може да се спореди и големиот плоштад на УКИМ, како и преубавата природа околу објектите на ПМФ. Добро е рекреацијата, спортот и зеленилото да се во директен контакт со факултетитеза да се направи хибрид меѓу студиите и другите активности на студентите. Од друга страна, помладите, средношколците, може да бидат во контакт со овие објекти од многу порано“.

Ако сеземе сето ова предвид, просторот што ги опкружува факултетите останува да биде еден неисцрпен извор на неоткриени можности што отворено чекаат да бидат искористени. Сепак, инфраструктурата и снабденоста во внатрешноста на факултетите се катастрофални за една институција што треба да биде свето прибежиште и, пред сè, да обезбеди простор во кој младиот човек има слобода да твори, да се бори и да се гради себеси. Во тој контекст, потребно е да се унапреди просторната комуникација за која зборувам и да се воведат соодветни промени. А доколку со тоа не започне студентот, кој друг би започнал? Има многу начини на кои факултетите може секојдневно да еволуираат и постепено да стануваат силни културни, интелектуални и граѓански центри, кои, освен за формално образование, би служеле и за неформални средби,  прогресивни и страсни дебати, интелектуални струења,  уметнички изразувања, филмски проекции, музички творења и за сè што еден млад човек може да создаде како плод на својата креативност. Оттаму, ве повикувам да погледнеме кон факултетот  како кон проект што чека да биде започнат, како кон место на кое се станува вистински граѓанин и како кон простор што постои само за нас – за да направиме од него тоа што сакаме да биде.



# КОЛКУ Е ДОЛГА ЛИНИЈАТА НА ПОМАЛ ОТПОР?

## » СТУДЕНТСКАТА АЛИЕНАЦИЈА ДАВА ПРОСТОР ЗА МАНИПУЛАЦИЈА

Ана Тодоровска [Филозофски факултет, Скопје]
Сара Коцевска

Сега и овде. Живуркаме под хипнотичкото дејство на лоши мантри што сакаат да нè убедат дека „лошо е, ама може и полошо“ или дека „џабе е, ништо не можеме ние да направиме“, а со тоа нè водат во уште полош филм. Слично на црна дупка во вселената, нивното дејство е мистично, привлечно, неизбежно. Одеднаш, ќе се појави некој што ќе се разбуди од масовната хипноза и ќе си рече дека полесниот начин не значи дека е правилниот начин, па како Диоген ќе бара со фенер луѓе нему слични. Ќе оди од еден кон друг и ќе се обидува да им го тргне превезот од очите со намера да им го покаже спектарот од бои што другите одбиваат да ги видат, зашто сивилото е поудобно, а тие се навикнати на него. Сивилото ги научи на послушност, на немоќ. Ги обележа со етикетата на „научена беспомошност“, психолошка состојба заразна к'о чума, која се случува кога луѓето веруваат дека немаат контрола врз средината што ги опкружува. Кога ќе се убедиме себеси дека немаме никакво влијание врз ситуацијата, ги прекинуваме своите напори и стануваме пасивни и беспомошни.

Присуството на хаосот е очигледно, но секој обид да го откриеме неговиот извор создава главоболка. Се заплеткуваме во мисловни лавиринти што не можат да донесат ништо освен очај и фрустрација, зашто конечно сме се освестиле за сопствената независна положба. Меѓутоа, не го сакаме тоа, ние сакаме забава. Евтина, брза, за разонода. Секој импулс што дава знак на живот ќе го задушиме во рутина, зашто таа дава сигурност. Обезбедува чувство дека не сме различни од другите, дека го правиме она што другите го прават, дека се однесуваме на начинот на кој тие се однесуваат. Се оддаваме на лошите навики и пороци зашто така ја отстрануваме конфузијата на сопствениот идентитет во овие несигурни времиња. Ги знаеме нештата, но не и нивното значење, не прашуваме зошто е нешто сторено, доволно ни е само да знаеме како. Бидејќи, нели, „така треба!“ – оставаме некој друг да мисли за нас бегајќи од суштината, од слободата и од одговорноста што доаѓа со неа.

Стануваме туѓи, одвоени, секогаш со резерва кон другиот, бидејќи овој систем ни ја наметнал играта во која владее законот на посилниот, „згази или ќе те згазат“. Ја потиснуваме природната потреба за творење и за дејствување, чие исполнување е единствениот начин да се почувствуваме како активен субјект. А ќе се почувствуваме така кога ќе се ослободиме од авторитарниот притисок и кога моќта нема да ја бараме надвор од себе, туку кога ќе разбереме дека таа лежи во вербата во сопствениот потенцијал. Моќта е поголема кога силите се здружени кон заедничка цел. Нам ни се потребни идеали наместо идоли!

Има ли превенција за овој лилипутански синдром на малиот човек? Најнапред, потребно ни е а извршиме промена во себе, во нас самите: да поттикнеме емпатија наместо апатија, различност без конкурентност и решение наместо заблуда.

Помогни во будењето од кома, фрли го своето камче во океанот, тоа ќе создаде бранови. Никогаш не се знае каде ќе предизвика цунами.





# КОЈА Е **КИКА?**

ЖИВОТОТ ДЕНЕС НЕ МОЖЕ ДА СЕ ЗАМИСЛИ БЕЗ ТЕХНОЛОГИЈАТА: ОПКРУЖЕНИ СМЕ СО НЕА И УЖИВАМЕ ВО НЕЈЗИНИТЕ ПРЕДНОСТИ И БЕНЕФИЦИИ. ЗАТОА, НЕ ТРЕБА ДА СЕ ОПИРАМЕ НА НОВИТЕ ТРЕНДОВИ ВО ТЕХНОЛОГИЈАТА, ТУКУ ДА ДОЗВОЛИМЕ ЗАЕДНО СО НИВ ДА СЕ МЕНУВААТ НАШИТЕ ОПШТЕСТВА И НАШИТЕ ЖИВОТИ.

T Илинка Стојкова [Филозофски факултет – Скопје]

»

Сѐ започна од еден микрочип во далечната 1971 година, за денес, по речиси петдецениска еволуција, да се најдеме во еден хаклаб на скопските улици, каде што разговаравме со Марко Дода.

„КИКА: Информации. Култура. Автономија“ е место за споделување и за стекнување знаење, место каде што се собираат луѓе заинтересирани за технологија, за компјутери, за машини, за електроника, за слободен софтвери за слободна култура, а во Скопје постои веќе четири години. Тоа е отворен простор во кој заинтересираните може да изработуваат најразлични проекти, заеднички или индивидуални. Таму ширењето и користењето на информациите е сосема бесплатно.

ТЕРМИНОТ „ХАКЛАБ“ ОЗНАЧУВА ЛАБОРАТОРИЈА ЗА ХАКИРАЊЕ. ПОД ХАКИРАЊЕ НЕ СЕ ПОДРАЗБИРА КРИМИНАЛЕН АКТ, КАКО ВО ОПШТОПРИФАТЕНОТО ЗНАЧЕЊЕ НА ЗБОРОТ. ВАЖНО Е ДА СЕ ПРАВИ РАЗЛИКА МЕЃУ ХАКЕРИТЕ И КРАКЕРИТЕ; ИМЕНО, ХАКЕРИ СЕ ЛУЃЕ ШТО ЕКСПЕРИМЕНТИРААТ СО ТЕХНОЛОГИЈАТА, ДОДЕКА КРАКЕРИ СЕ ЛУЃЕ ШТО ЈА КОРИСТАТ ТЕХНОЛОГИЈАТА ЗА НЕЛЕГАЛНИ АКТИ. СПОРЕД ТОА, КИКА Е ЗДРУЖЕНИЕ НА ХАКЕРИ И ЛАБОРАТОРИЈА КАДЕ ШТО МОЖЕ ДА СЕ СОЦИЈАЛИЗИРААТ ЛИЦАТА ШТО САКААТ ДА НАУЧАТ КАКО ФУНКЦИОНИРААТ СПОМЕНАТИТЕ НЕШТА, НО УШТЕ ПОВАЖНО – МЕСТО КАДЕ ШТО ЌЕ ИМААТ МОЖНОСТ ДА ГИ ПРОДЛАБОЧАТ И ДА ГИ УСОВРШАТ СВОИТЕ ЗНАЕЊА ОД ИНФОРМАТИЧКАТА СФЕРА.

На прашањето од каде идејата за една ваква лабораторија и што навистина е таа, добивме одговор дека фокусот на КИКА е слободниот софтвер: неговото подобрување, споделување, усовршување. Слободен софтвер, всушност, е оној софтвер чиј изворен код (разбирлив за човекот) е издаден под лиценца што овозможува негово читање, менување и подобрување, како и негова редистрибуција. Тој е отворен и корисниците може да го читаат и да разберат на кој начин работи. Вака не само што се здобиваме со знаење туку и сме сигурни дека не е малициозна програмата. Можноста за менување и за подобрување дозволува кој било да може да го приспособи софтверот за сопствени цели, што е многу поефикасно од пишувањето нова програма од почеток, а како што се покажало досега во практиката, кога повеќе луѓе можат да го менуваат софтверот според своите потреби, тој станува доста подобар и посигурен. Освен тоа, правото на редистрибуција, загарантирано од слободниот софтвер, создава алтруистичен софтверски пазар на кој споделувањето е главен сегмент, што е навистина важно. Со оглед на тоа што информациите се еден од темелите на цивилизацијата, слободниот пристап до нив, како и нивната слободна размена, се предуслови за постоење слободно општество, што дополнително укажува на важноста на постоењето на еден ваков хаклаб во нашата земја.

**ВО ДЕНЕШНОТО ОПШТЕСТВО СЛОБОДНИОТ СОФТВЕР Е ОД ОГРОМНО ЗНАЧЕЊЕ, БИДЕЈЌИ ПРЕКУ НЕГО МОЖЕ ДА СЕ ОВОЗМОЖИ КОМУНИКАЦИЈА МЕЃУ ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ И ГРАЃАНИТЕ, ДОСТАПНОСТ ДО ЈАВНИ ДОКУМЕНТИ И СЛ. ОСВЕН ТОА, НЕГОВАТА ПРИРОДА, ОДНОСНО ФАКТОТ ШТО Е ТОЈ СЛОБОДЕН ВО СЕКОЈА СМИСЛА, ГО ПРАВИ ЛЕСНО ПРЕОБРАЗЛИВ ВО ЕФИКАСНА АЛАТКА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО: ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА, ЗА ПОТТИК, ЗА РАЗВОЈ ИТН.**

Програмата на КИКА е богата и вклучува низа активности: секоја недела се случуваат три редовни настани, но се организираат и други најразлични проекти. Целта на тие проекти е да се промовираат размената на знаењата од областа на најсовремените компјутерски технологии, како и културата на споделувањето. Овие настани се отворени за јавноста и секој може бесплатно да ги посетува. Секој понеделник се случува „ГНУ/Линукс прва помош“, настан на кој им се помага на оние што имаат проблем со дистрибуцијата на „Линукс“ или пак со својот андроидски телефон и на кој, иако е слабо посетен, досега се поправени многу системи. Во четвртоците се одржува настанот „Сподели знаење“, посветен на програмските јазици, на кој се собираат помлади и постари луѓе заинтересирани за слободен софтвер, за „ГНУ/Линукс“, но и општо за технологија, за компјутери, за хакирање (не кракирање), за мрежи, за сервери, за електроника, за слободни култура и општество, за роботи итн., со цел да ги споделат своите знаења и искуства, да дискутираат и да експериментираат. Овие настани се доста посетени и нудат навистина интересна програма. Освен споменатите, се организираат и нередовни настани. Еден од нив е настанот „Сподели кино“, на кој се проектираат документарни филмови поврзани со науката, со технологијата и со културата.

Иницијативата за формирање на хаклабот потекнува од група луѓе што мислеа дека за нив, а и за градот, е потребно место каде што ќе може да се одвиваат настани и работилници поврзани со слободниот софтвер, со технологијата и со компјутерите. Да се стане член од семејството КИКА е многу лесно и едноставно: секој што сака да се приклучи треба само да посети настан за кој е заинтересиран или, пак, доколку сака самиот да организира настан или да направи нешто друго поврзано со активностите на КИКА, едноставно да стави во контакт со луѓето оттаму. Местото се одржува со редовни донации од самите членови и со други спонзорства, како и со донација за интернет, кој инаку не се плаќа. Семејството КИКА секојдневно се зголемува, па освен студенти (како најфреквентни членови), има и голем број професионалци во информатичката технологија со долго искуство, како и луѓе чија главна окупација не се компјутерите. Членството во една ваква неформална организација им е од голема помош на студентите од техничките факултети, кои таму може да поминуваат и дел од своето време наменето за практична работа. Иако КИКА нема некои големи колективни планови на кои ќе работи во иднина, идеите и креативноста, како на старите така и на новите членови, се добредојдени, а ние од „Излез“ се надеваме дека работата на КИКА наскоро ќе нѐ поттикне сите нас да научиме како да ги исползуваме придобивките од слободниот софтвер и на тој начин ќе придонесе кон поширока намена на ова заедничко богатство во нашето општество и, особено, во нашето образование.

» Слободниот софтвер, поради самиот факт што е слободен, може да се смета за заедничко добро на сите и на целиот свет: секој има пристап до него и секој може да го искористи како знае, умее, сака и му одговара. Еден студент на компјутерски науки, на пример, може да научи како функционираат сложените реални програми без да има тешкотии со добивањето дозвола од авторите на програмата. Освен тоа, употребата на ваквиот софтвер подразбира и можност за модификација, со што екосистемот на слободниот софтвер постојано се збогатува и станува уште покорисен.

Дали сте студент или љубител на информатичките технологии, а сѐ уште не сте дел од КИКА? Интернет-адресата на КИКА е www.b10g.spodeli.org, а нивната офлајн-локација е на ул. „Влатко Стефановски“ бр.8/1 во центарот на Скопје, близу поликлиниката „Идадија“.




**КОЛКУ ПОДОБРИ ПОЕДИНЦИ ЌЕ СТАНЕМЕ – ВО ТОЛКУ ПОДОБРО ОПШТЕСТВО ЌЕ ЖИВЕЕМЕ.**

# СТУДЕНТИТЕ - ГРАДИТЕЛИ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ СИСТЕМ

Состојбата на студентите значително би се подобрила доколку студентот стане активен чинител во јавниот дијалог со институциите на системот. Како студенти, не смееме да дозволиме да бидеме потценувани и да служиме само како монета за поткусурување или да имаме улога на безначајна алка во ова општество. Мора да бидеме сфатени многу посериозно со цел да бидеме рамноправна страна во тој јавен дијалог.

Т Илија Јованов [Факултет за правни науки, Универзитет ФОН]



»

Студентите долго време биле гледани како слободоумни личности и важеле за моќна и независна сила во општеството, за своевидна авангарда. Од нив се очекувало да имаат послободни и полиберални видувања за самите процеси што се случуваат во рамките на општеството. Од нив се очекувало да дадат идеја, да искажат мислење, да имаат свој став. Само така може да се очекува студентите да бидат идните градители на општествениот систем. Сепак, дали е системот воспоставениот општествен поредок во кој владеат правни норми како што е волјата на владејачката класа, кои сите ние, како припадници на едно општество, мора да ги почитуваме бидејќи зад нивната примена стои стравот од санкцијата што би ја извршила државата со својот апарат за принуда или е системот нешто што сите ние заеднички можеме да го изградиме со своите предлози, идеи и труд?

Системот е подложен на промени. Промените се неопходни за негово подобрување и демократизирање. А кој ако не „ние“ би ги иницирале и би ги реализирале потребните промени? Едно е сигурно – промените нема да се случат сами од себе. Зошто велам „ние“ да бидеме реформаторите на промените и реализаторите на новото и подобро утре? „Сакате ли генерациски да бидете проклети, безначајни, долг на историјата?“, праша Александар Тијаниќ, еден од најдобрите новинари на балканските простори (ако не и пошироко), пред студентите на Факултетот за политички науки во Белград. Ако зборовиве допираат до вас, вие сте тие што треба да се погрижат тие зборови да не се остварат. Не смееме да си дозволиме од авангарда, моќна и независна сила во општеството да се претвориме во безгласна буква на општествената азбука!

Мојот став е дека состојбата на студентите значително ќе се подобри доколку студентот стане **активен чинител** во јавниот дијалог со институциите на системот. Како студенти, не смееме да дозволиме да бидеме потценувани и да служиме само како монета за поткусурување или да имаме улога на безначајна алка во ова општество. Мора да бидеме сфатени многу посериозно, со цел да бидеме рамноправна страна во тој јавен дијалог. Потребно е отворено и аргументирано да се разговара за состојбата во која се наоѓаат студентите, за можностите за нејзино подобрување, за целите што би сакале да се остварат, за начинот на кој би можело сето тоа да се реализира. Верувам дека, ако се зборува отворено и аргументирано, би можеле да дојдеме до заеднички предлози како да се надминат моменталните проблеми, а секако и како да се изнајдат начини во иднина полесно да се решат проблемите со кои се соочуваме сите ние како студенти во ова општество.

Колку подобри поединци ќе станеме – во толку подобро општество ќе живееме. Системот треба да се гради на тој начин што ќе ѝ овозможи просперитет на секоја единка во општеството, ќе ѝ отвори простор за себереализирање и за докажување и ќе ѝ даде можност да го подобри постоечкото, како и да понуди идеи за промени. Вештачки создадениот систем, кој им е наметнат на луѓето во општеството, за одреден временски период ќе се покаже нестабилен и нефункционален. Затоа, треба заеднички да се изгради нов, подобар и пофункционален. Како би изгледал тој? Демократски! Но„демократски“ во изворната форма – како „владеење на народот“, а не во денешната форма – „владеење со народот“! Нам не ни се потребни „демократски диктатури“ или „диктаторски демократии“. **На демократскиот систем не му се потребни неуки, а послушни припадници. Потребни му се поединци што ќе ги засегаат општественото добро, човечката солидарност и заемниот просперитет.** А едно општество може да просперира само ако биде општество на поединци што се способни и посветени на својата работа. Потребни ни се луѓе со интегритет, затоа што „без интегритет нема личност. Без личност нема граѓанска храброст и одговорност. Без граѓанска храброст и одговорност нема демократија“. Еве ги зборовите што ги кажа Тијаниќ. И нека ни одѕвонуваат во главите доколку сакаме да бидеме такви луѓе, да живееме во такво општество или доколку сакаме подобро утре за сите нас. Одејќи по тој пат, за да станеме такви и за да го постигнеме тоа, мораме самите да си бидеме свои најголеми критичари.

Мора да запаметиме и дека ние, студентите, ја имаме општествената улога на реформатори и на иноватори, а со тоа сме носители и на одредена одговорност. Одговорност пред нас самите како личности, одговорност пред времето во кое живееме и одговорност пред утрешниот ден, во кој сакаме да зачекориме гордо и со крената глава.

# КИНОТЕКА НА МАКЕДОНИЈА
## – ЗАСОЛНИШТЕ ЗА ФИЛМСКИТЕ „ФРИКОВИ“

Почнувајќи со работа во 1976 година, Кинотеката на Македонија станува државна институција неопходна за опстојување на филмската уметност во својот посуров вид: оној вид филм што им пркоси на американските мегахитови што се стекнуваат со вртоглаво брза популарност и со инстант заработка; оној вид филм што крие огромна вредност без разлика на буџетот употребен за да се произведе; оној вид филм што ќе ве замисли и ќе направи да се почувствувате барем малку поинаку од претходно; оној вид филм што ќе ве направи духовно побогати; оној вид филм што ќе допре до вас.

Кинотеката на Македонија претставува институција за архивирање, за реставрирање и за прикажување автентични македонски играни и документарни филмови, европски современи филмови и, најпосле, таа треба да биде тука и за последните домашни остварувања на полето на филмот. За сите подробности околу нејзиното целокупно постоење, за сите предизвици и проблеми допрва ќе расправаме. Сепак, имајте го наум следново: Кинотеката е единствена!

Т Симона Јовчева [Факултет за музичка уметност]
Ана Ивановска [Филолошки факултет]
Ивана Дракулевска [Филолошки факултет]





По повод дваесет години постоење на Кинотеката на Македонија, д-р Роналд Холовеј (Ronald Holloway) во својата книга „КИНО – македонскиот филм“ („KINO – Macedonian film“) ја опишува состојбата на филмската уметност, на филмските фестивали и на филмската критика во Македонија, опфаќајќи го периодот од 1905 до 1996 година. По 1996 година, друг ваков вид запис не постои, и покрај тоа што Кинотеката на Македонија активно продолжува да ја гради филмската култура кај нас. Поттикнати од недостигот на пишани материјали и од непресушната желба да истражуваме со цел да си ја оформиме сликата за Кинотеката на Македонија и за нејзината важност, разговаравме со Петар Волнаровски, раководител на Одделението за истражувачка, издавачка и јавна дејност на оваа институција.

## ИСТОРИЈАТ

КМ е меѓу првите филмски институции на овие простори: најпрвин постоела југословенската кинотека како единствен архив, меѓутоа неопходната потреба од архив со задоволителни услови за чување и за одржување на филмовите ги поттикнала тогашните филмски критичари и проучувачи на филмот да поведат иницијатива за создавање кинотека во секоја република. Меѓу нив ќе се најде и Ацо Петровски, кој подоцна ќе стане првиот директор на Кинотеката на Македонија.

КМ е основана и озаконета во 1974 година, а официјално започнува со работа во 1976 година и веднаш се зафаќа со сите сегменти од областа на филмската култура; всушност, таа уште од самиот почеток не е предвидена да биде само кинотека, туку, пред сè, државен национален филмски архив.

На почетокот, функционирајќи само административно, долги години ја менува својата местоположба, од киното „Фросина“ во Младинскиот културен центар до просториите на Македонската радио-телевизија, за најпосле, во 2005 година, да се закотви во објектот на библиотеката „Другарче“, каде што духот на КМ конечно доаѓа до израз.





продолжува »


Што би можеле да направат?
-Не знам.


Ќе се снајдам.


HAPPY END
En film av Björn Runge
KRONJUVELERNA
COCKPIT




FACTS ABOUT SWEDEN | SWEDISH FILM
Lisa Ohlin's Simon and the Oaks (Simon och ekarna, 2011) starring Helen Sjöholm and Jonatan S. Wächter.
FILM:
Swedish film in focus
Swedish cinema is known for its intensely personal meditations on the human condition, but the question has always been how to move from art house into the mainstream. Now a new generation of Swedish directors are making their mark with everything from feature-length productions to shorts and documentaries.
Tomas Alfredson directed the screen version of John le Carré's Tinker Tailor Soldier Spy (2011). His vampire drama Let the Right One In (Låt den rätte komma in, 2008) won the prize for Best Narrative Feature at the Tribeca Film Festival in New York in 2008.
Pernilla August was an acclaimed actress before making her debut as a director of Beyond (Svinalängorna, 2010), a drama about a mother and daughter set in a poor neighborhood. It has won several awards at festivals around the world.
Patrik Eklund, one of Sweden's leading short-film directors, stuck to comedy for his first feature film Flicker (Flimmer, 2012). Eklund's Seeds of the Fall (Slitage, 2009) won the Canal+ Award for Best Short Film at Cannes in 2009 and he received an Oscar nomination for
another short film, Instead of Abracadabra (Istället för Abrakadabra) in 2010.
Daniel Espinosa's breakthrough came with the film version of Jens Lapidus' crime novel Easy Money (Snabba cash, 2010). It aroused interest in Hollywood, and Espinosa was commissioned to direct the action thriller Safe House (2012) with Ryan Reynolds and Denzel Washington.
Josef Fares' first feature film Jalla! Jalla! (2000) is a comedy about love across cultural boundaries. His later work includes the police farce Kopps (2003), the semi-autobiographical movie Zozo (2005), the revenge drama Leo (2007) and the romantic comedy Balls (Farsan, 2010).
Lukas Moodysson's breakthrough came in 1998 with Show Me Love (Fucking Åmål). Since then, he has directed a
number of films such as Together (Tillsammans, 2000) set in a commune in the 1970s, Lilya 4-ever (2002) about a Russian girl forced into prostitution and Mammoth (Mammut, 2009) with Michelle Williams. His latest film We're the Best! (Vi är bäst!) is due out in 2012.
Babak Najafi's eagerly awaited sequel Easy Money 2 (Snabba cash 2) is due out in 2012. Najafi has been widely acclaimed for Sebbe (2010), about an isolated 15-year-old boy, which won the Best First Feature Award at the 60th Berlin International Film Festival in 2010.
Ruben Östlund's latest film Play (2011) is about some black boys who rob their white middle-class peers. The controversial film exploits each group's prejudices about the other. Östlund is also known for Involuntary (De ofrivilliga, 2008), a tragicomedy about group pressure.
and Tomorrow.

## ШТО Е КИНОТЕКА НА МАКЕДОНИЈА?

КМ е чувар на националното културно богатство, чиј дел се многу оригинални снимки на браќата Манаки и на Арсениј Јовков, како снимката за баба Деспина, која воедно е првата снимка со филмска камера на Балканот, како и многу други филмови снимени и продуцирани помеѓу двете светски војни („Charles Urban Trading Company“ направиле вредни снимки за време на Првата светска војна и за време на граѓанската војна). Иако голем дел од собраните материјали биле уништени од поплавите и од земјотресот во Скопје, КМ сè уште активно работи на собирање на изгубените делчиња.

Институцијата се состои од три дела: филмскиот архив е најважен и ги одвојува филмовите од националните архиви, а заслужен е и за нивното реставрирање; потоа институтот за филм; и најпосле кинотеката, каде што се прикажуваат филмовите. Задачата на КМ е да истражува и да пронаоѓа филмови, да се грижи за нивната заштита, а денес и за нивното реставрирање, односно дигитализирање.

## ОКОЛУ ПРОГРАМАТА

Најголемиот дел од филмската програма на КМ се состои од национални современи филмови (соработка со културни центри и амбасади), помал дел од неа се пополнува со стари филмови од сопствените архиви, а најмалку застапен, за жал, е нашиот современ филм – кој всушност би требало да е најважен. Проблемот лежи, како што напоменува Петар Волнаровски, во тоа што, кога нашите режисери по студиите започнуваат со создавање долгометражни филмови, забораваат на естетската вредност на филмот и неретко се случува да ги преокупира желбата за профит, па поради тоа соработката со Кинотеката да стане невозможна бидејќи бараат преголема сума за прикажување на своите филмови.

## ИМА ЛИ ПУБЛИКА?

Љубопитни да дознаеме за заинтересираноста на публиката, го прашавме Петар за нејзиниот одѕив некогаш и денес. „Публиката не постои“, пресече тој. „Публиката или ќе ја изградите или нема да ја имате. Уште поголема одговорност е да се одржи нејзиниот континуитет“. Правејќи споредба со некогаш, тој изјави дека уште од почетоците на КМ се појавила заинтересираност и публиката сама се создала. Тогаш оваа државна институција изградила публика со префинет културен вкус. Меѓутоа, по 2005 година драстично опаднало нивото на општа култура и публиката исчезнала. „За тоа се заслужни медиумите“, вели Петар, „кои наместо да градат вкус – го диктираат“. Честопати се заборава дека е публиката таа што го креира нивото на културата во една земја. Во таа смисла, Кинотеката на Македонија е неопходна за одржување на естетската вредност на филмската уметност и за публиката што умее да го препознае тоа. Денес, благодарение на постојаната напорна работа, Кинотеката повторно ја има својата публика. Можеби не во толкава мера како некогаш, но е искрена. И тоа радува! „Има млади луѓе што се интересираат за филмови“, вели Петар. „Тоа се оние ’фрикови‘, како што ги нарекуваат, бидејќи да знаете режисери од типот на Фелини, Тарковски, Антониони или Жан Лук Годар во денешно време е вистинска реткост“.

Навистина треба да сме благодарни што ја имаме Кинотеката на Македонија, која претставува топло засолниште за сите „фрикови“ што сакаат да побегнат од секојдневието, без разлика дали тоа ќе го направат преку едукативните архаични филмски и документарни реткости или, пак, преку современите национални филмски богатства. А во иднина се надеваме на плодна и квалитетна филмска продукција на домашни филмови, бидејќи само така ќе можеме да се пофалиме дека сме земја со развиена филмска култура, која има публика со истенчен естетски вкус за уметност.

КМ БИЛА ЕДЕН ОД ПРВИТЕ ОРГАНИЗАТОРИ НА ТОГАШНИОТ ФЕСТИВАЛ „МАНАКИЕВИ СРЕДБИ“, КОЈ ПОД НЕЈЗИНАТА ЗАКРИЛА, ВО 1993 ГОДИНА, ОД РЕГИОНАЛЕН ПРЕМИНАЛ ВО ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ФЕСТИВАЛ НА ФИЛМСКА КАМЕРА ПОД ИМЕТО „БРАЌА МАНАКИ“.

КМ Е ИЗДАВАЧ НА СПИСАНИЕТО ЗА ФИЛМ „КИНОПИС“, ВО КОЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1970 ДО 1990 ГОДИНА СВОЈ ОТПЕЧАТОК ИМААТ ОСТАВЕНО ЕДНИ ОД НАЈГОЛЕМИТЕ ИМИЊА ОД ОБЛАСТА НА ФИЛМОТ.

КМ ПОСЕДУВА И СПЕЦИЈАЛНА ФИЛМСКА БИБЛИОТЕКА, КОЈА СОДРЖИ ПОВЕЌЕ ОД 4100 КНИГИ И ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ СПИСАНИЈА И ВЕСНИЦИ ЗА ИСТОРИЈА И ЗА ТЕОРИЈА НА ФИЛМОТ.

„ПОСТ ЧОВЕЧКИ КОСКИ“, ИЗЛОЖБА НА ДИЈАНА БОГДАНОВСКА

# УМЕТНОСТА НА ПОСТЧОВЕЧКОТО

ГО ЖИВЕЕМЕ ПОСТМОДЕРНИЗМОТ. И КОГА БИ ДОДАЛЕ УШТЕ ЕДНО „ПОСТ-“ ПРЕД КОВАНИЦАТА, И ТОА УДОБНО БИ СЕ ВКЛОПИЛО. ВО ПОТРАГА ПО СМИСЛАТА НА РАБОТИТЕ И ПО СОМНЕВАЊЕТО ВО НЕА... ДАЛИ И САМИТЕ КОСКИ НИ СЕ ВЕЌЕ ПОСТЧОВЕЧКИ?!

T Јана Колева [Политички студии - Правен факултет „Јустинијан Први“] Кристина Божурска





Дијана Богдановска, родена на 5 мај 1984 година, во 2009 година дипломира на Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на отсекот сликарство, насока – конзервација и реставрација, во класата на Антони Мазневски. Во 2012 година се запишува на родови студии на Институтот за општествени и хуманистички науки во Скопје. Учествувала на повеќе групни изложби, работилници и колонии, како во државава така и пошироко (САД, БиХ, Србија, Турција и Австрија).

Нејзин интерес како уметничка е интердисциплинарниот пристап во областа на традиционалните и на новите медиуми. Исто така, во фокусот на нејзиниот интерес спаѓа и појавата на апсолутна сиромаштија. Коренот на проблемов го детектира во моќните корпорациски феномени. Од другата страна на овој општествен проблем, како женски уметник, таа ја истражува можноста за радикални промени во општеството: субјективитет, тело, сексуалност, род, дискурсот на феминизмот во уметноста. Најчесто го користи и своето тело како медиум.

Електронска адреса: veronika.diagram@gmail.com



Дијана Богдановска, „Пост clavicle“, 2013 (оревово дрво, масло, газа, свилен конец).
Изложба: „Пост човечки коски“; локација: ОГС, Музеј на град Скопје, октомври 2013



Дијана Богдановска, „Поставка“, 2013.
Изложба: „Пост човечки коски“; локација: ОГС, Музеј на град Скопје, октомври 2013




Дијана Богдановска, „Еволуција“, 2013 (дрво, пластична фабрикувана кеса, етикета).
Изложба: „Пост човечки коски“; локација: ОГС, Музеј на град Скопје, октомври 2013

Ликовната уметничка Дијана Богдановска, на почетокот на октомври, на својата самостојна изложба во Отвореното графичко студио во Музејот на град Скопје, во организација на Атанас Ботев, постави амбиентална инсталација со наслов „Пост човечки коски“. Со неа накратко поразговаравме за идејата и за инспирацијата за овој интересен концепт.

● **Преку инсталацијата, која на инвентивен начин интегрира материјали од природно потекло со готови фабрички детали и елементи, ни прикажа едно свое видување на постчовечкото. Како ти го разбираш тој концепт, која е идејата зад поимот постчовечко?**

○ Во основата на поимот е постхуманизмот, како филозофија и како критика на ренесансниот хуманизам. Од денешен аспект, се разбира дека технологијата е таа што ќе ги помести човечките граници за натамошната човечка еволуција.

● **Дали сè поизразеното одомаќинување на технологијата со природното, односно на технолошкото како своевидна екстензија на човечкото, може да биде гледано како дел од процесот на еволуција на самиот човек, во вид на „очовечување на технологијата“, или сепак би поставила една гранична линија помеѓу биолошкото и неговото артифицијелизирање?**

○ Експериментирајќи со физичкото, денес луѓето што стојат на работ од својот живот можат да ги заменат своите уништени органи со артифициелни. Преку напредни лекови специјално приспособени за одредена намена, се ублажуваат болки. Меѓутоа, општиот преглед на овој широк поим носи и доза штетност. Неконтрола, социјални и психолошки нарушувања, како и мас-медиумско влијание систематски насочено на колективниот ум. Фетишот на екстремистичкото, волјата за моќ и за хегемонија водат до нагонот за самоуништување. Технологијата донесе предизвик и е белег на човештвото, нивната врска носи технолошки развој и визија за човечкото битие. Секако дека не можеме да предвидиме дали е ова крајната патека на еволуцијата. Со оглед на тоа што технологијата денес стана основно средство за комуникација, нејзиното влијание има голем ефект во социокултурен и во економски контекст, како и за себеспознанието, така што во овој случај не постои алиенација од природата, туку само сме подложни на рекреирањето на објективното сведочење и на третирањето на новото тело, род и идентитет.

продолжува »

* Изложбата на Дијана „Пост човечки коски“ во интервјуто и во целиот текст ја спомнуваме со оригиналното име, онака како што гласеше и самиот настан, имајќи предвид дека е „пост-“ префикс што се пишува слеано со зборот.

- **Како кај нас се вклопува уметноста – дали како мост што води кон постепен премин кон постчовечкото, притоа напуштајќи го традиционалното гледиште за човечкото, или сè уште е само статичен баланс меѓу двете?**

○ Традиционалното гледиште за човекот низ вековите и низ историјата се отелотворува преку религиозните претстави за антропоморфните маскулинистички митолошки суштества, богови и полубогови. Значи, древните цивилизации, од средниот до новиот век, биле само спречени од тогашните режими на владеење да истражуваат за мноштвото вистини. Традиционалната уметност повеќе говори за потеклото на народите, за наративот на големите освојувања и за идеализирањето на човечките пропорции преку ингениозноста на пластичната волуменозна сликарска и скулпторска доктрина. Меѓутоа, на крајот, зарем сите овие натчовечки способности не отскокнуваат од реалната претстава за човечкиот поредок? Традиционалното гледиште не се состои во стереотипот на рационалното согледување, тоа има свое посистемско ниво, своја слоевитост, свое страдање, болка и посветеност, своја борба за сопствената слобода, извојувана и подарена на современиот човек. Тој секогаш треба да погледне наназад, не како антропоцентрична фигура, туку како конструкт, за да биде способен да деконструира и да реконструира идни визии. Денес современата уметност ги прошири своите медиуми со побрзиот начин на пренос на визуелни информации преку технолошките алатки. Таа денес се обидува да направи социјални промени за истите проблеми. Во светот, постхуманистичката уметност најмногу дава хиперреалистични претстави и видоизменета перцепција врз претпоставки на мноштвото фактори, како, на пример, што би настанало со биосферата: дали ќе има антрополошки промени и како ќе се приспособи организмот на новата атмосфера, дали воопшто ќе опстоиме и, земајќи ги предвид природните катастрофи, која светска сила ќе го контролира човекот.



Дијана Богдановска, „Хегемонија“, 2013 (оревово дрво, памучна ткаенина, пластика, волна). Изложба: „Пост човечки коски“; локација: ОГС, Музеј на град Скопје, октомври 2013

- **Имаш ли некои планови за свои уметнички проекти во блиска иднина, во кои можеби повторно ќе се навратиш на постчовечкото како мотив, макар и во друга уметничка форма или дисциплина?**

○ Ова беше само зачеток на посакуваната цел – да се искористат мултимедијалноста во изразот и интердисциплинарноста во пристапот, за што се подготвувам да го искористам своето тело како медиум. Во текот на наредната година се планирани групни изложби во мултимедијалниот центар „Мала станица“ – во склоп на Националната галерија на Македонија. Нашето поднебје ги осудува овие културолошки промени со користењето погрдни зборови за изразот и за телото во контекст на уметноста. Во последно време најчесто ја применувам оваа идеја во областа на концептуалната фотографија и инсталација. Се дистанцирав од традиционалното сликарство, не затоа што сè што наброив досега е ново, воопшто не е така (дури и не како помодна претенциозна тенденција), туку затоа што во секој медиум имам одредена субјективна манифестација, во зависност од ставот што го заземам во потребата да искажам одредена состојба. Овие медиуми, едноставно, се мошне побрз начин на визуелна комуникација. Тврдам дека финансиски ја плаќаме истата цена за реализација на една идеја. Веќе живееме во постпостмодерно време, па неизбежно е на него да се рефлектира овој наш балкански социореализам.



Дијана Богдановска, „Пост fibula“, 2013 (оревово дрво, органска материја, пигмент, свила, волна, газа). Изложба: „Пост човечки коски“; локација: ОГС, Музеј на град Скопје, октомври 2013

[ПОСЛЕДНИТЕ УМЕТНИЧКИ ХЕРОИ ИЛИ...]

# МУЗИКАТА НЕ Е БЕСПЛАТНА... ОСВЕН КОГА Е!

**[„МУЗИЧКАТА ИНДУСТРИЈА Е МРТВА! ИНТЕРНЕТОТ ЈА УБИ, ПРИНЦИПОТ 'ПЛАТИ КОЛКУ САКАШ' – ЈА ЗАКОПА!" ИЛИ ВО ПРЕВОД НА НАШКИ: „ШО НЕ ЗЕМЕТЕ ДА ПОРАБОТИТЕ, ДЕЦА, НЕМА ЛЕБ У ТАА РАБОТА".]**

T Дени Омерагиќ [Факултет за музичка уметност]

Неисплатливоста на музиката е само еден од низата историски столбови еректирани од ГОЛЕМИТЕ за да ги демотивираат МАЛИТЕ од фаќањето гитара во рацете, заедно со „рокенролот е сатана", „хипиците смрдат" и „индустријата го попедерчи Фреди Меркјури, а што убав дечко беше". Сепак, се чини дека овој пат нивните сомнежи не се неосновани. Родителите што навистина им мислат добро на своите деца треба да им објаснат дека гламурозниот рокенрол со кој се соочуваат во медиумите е недостижна фикција и дека денес е сведен на турнеи во тесни комбиња за ситни пари и на креирање дела што нема да се слушнат, иако буквално ги подарувате (преку интернет). И сето тоа треба да се нагомила врз 13-годишно дете, кое само што се соочува со фактот дека неговата географска положба (односно нашава напатена татковина) е дополнителна пречка.
До идејата за овој напис стигнав сакајќи да пишувам за сосема спротивното – физичките изданија на македонските артисти (особено на оние на алтернативната сцена) – но сфатив дека тие се само куриозитет налик на физичките изданија на пишаниот збор. И да, ја сфаќам иронијата на моментот дека ова е објавено во печатено списание. Значи, седнувам да пишувам и завршувам една верзија. Пред некој ден, јас и пар колеги, на најдождливиот ден во последниве два месеца, се растрчавме наоколу да бараме печатница што би се нафатила да го испечати тиражот на новиот албум на FW, давајќи ги последните пари што ги имаме за нешто што нема никој да го купи, кога ми светна – кому всушност му го нудиме ние своето дело? На оние што се премногу мрзливи да отворат интернет и да се впуштат во океанот на македонска музика што можат БЕСПЛАТНО и сосема легално да ја поседуваат и да уживаат во неа? Не дај Боже да излезат од дома и да купат цеде за да ги поддржат „младите" со своите 100 или 200 денари. **Затоа, написов е посветен на оние херои од нашето маало што веслаат против течението на реката. Создаваат и вложуваат во својата уметност, без разлика на неслухот на јавноста. Во овие четири страници ќе ви посочам неколку македонски изданија од последниве неколку годиништо можете бесплатно да ги најдете/симнете/преслушате. Ултраквалитет за беспари.** Доколку имате дилеми од каде да почнете, дозволете ми да ве упатам на следните адреси:













продолжува »

44 Hz 86 Hz 170 Hz 340 Hz 679 Hz 1.3 kHz 2.6 kHz 5.1 kHz 10.1 kHz 20 kHz

## www.pmgrecordings.com

Интернет-страницата на издавачката куќа PMG Recordings е ризница на квалитетна македонска музика. Во последните две години нивната дејност се префрли пред сè на лансирање дигитални изданија, од кои повеќето се достапни за бесплатно симнување. Тука може да се најде албумот „Луѓе“ од скопските инди-одметници Милко, кој ми стои како најсвеж пример за домашен албум што сум го преслушал повеќе пати. Го земам како пример поради тоа што, според податоците на PMG Recordings, албумот „Луѓе“ е најсимнуваното бесплатно издание од нивната интернет-страница. А бројот на симнувањата е далеку помал од 1000. Далеку е и од „распродадениот“ тираж на последниот албум на [вметни_естрадна_мегаѕвезда], кој се продаде во тираж од 15000 копии (на „ТЕА модерна“). Она што е интересно за овој албум е тоа што синглот „Оди без зборови“ го премина челичниот ѕид на андерграундот и беше вртен и на „вистинските“ радиостаници. На оние радиостаници на кои вообичаено се вртат оние што ја „вртат“ македонската естрада и што ги земаат големите пари од фестивалите на забавни мелодии. ЗАБАВНИ МЕЛОДИИ!!!

Кога ќе наминете на страницата на *PMG Recordings*, во пакет со „Луѓе“ може да го симнете и последното остварување на истоимениот колектив. „Клан Секулар“ на *PMG Kolektive* е кулминација на сето она што го работи овој состав во последната деценија – тоа е нивното најзрело издание, но и едно од најдобрите македонски изданија што се паметат во последно време. Тука се наоѓаат и последните изданија на современиот композитор Александар Пејовски, кој е еден од ретките од класичната сцена што ја промовира својата музика на овој начин.

Доколку сте дел од оние луѓе што наводно „живеат во брзото темпо на современата ера“ и притоа немате време да се посветите на една 40-минутна плоча, може да симнете и некоја од компилациите или диџеј-миксовите што служат како добар вовед во македонската сцена. Моја лична препорака се последната компилација „Андерграунд гламур“ и миксот „Маледоламбада“ на Александар Гавровски.

## www.napravizaedno.com

*Направи заедно* е дом на голем дел од значајните бендови на македонската алтернативна сцена. Има навистина многу добри изданија што може да ги најдете на оваа адреса, но поради природата на овој напис ќе ви ги препорачам следните: „Happiness machines“ на *Bernays Propaganda* (2009) – дебитантскиот албум на најпрочуениот македонски андерграунд-состав одекна не само во Скопје и во Македонија туку и низ цела Европа. Тој служи како добар вовед во она што го работи оваа група и, ако решите дека сакате да слушнете и нешто повеќе од нив, ве уверувам дека по ова издание следуваат и подобри работи. Тука веднаш би напоменал и на албумот „Танго револуционер“ (2011) на *Ха-ха-ха*, кои го надминаа статусот на spin-off бенд на *Bernays Propaganda* и кои се етаблираа како сопствен ентитет што е еднакво квалитетен. Од тука би го одвоил и албумот „You surf, we send piranhas“ на битолските сурф-панкери *Молокаи*, како и последниот албум на *Фонија*, наречен „Мојот пекол“. Покрај моите предлози, на band-camp профилот на *Направи заедно* бесплатно се достапни и албуми од бендови како *FxPxOx, Culture Development, СИЗ, Mindless Violence* итн.






## www.sixtyninerecords.org

Уште еден независен издавач – *Sixtynine Records* голем дел од своите изданија ги нуди за бесплатно симнување. И од тука може да го симнете „Мојот пекол“ на *Фонија*, а и сите албуми на мелодичниотпанк-состав *Новиот почеток*, од кои најтопло го препорачувам последниот, издаден во 2012 година, под името „Меланхолична машина“, кој содржи петнаесет ултравозбудливи мелопанк-песни. Одовде би го препорачал и акустичното ЕП „Троја“ на Фиц (фронтменот на *Новиот почеток*), кое незаслужено беше превидено од голем дел од публиката. Покрај овие албуми, на оваа страница може бесплатно да се симне и „Dangerous Melodies from Macedonia vol.1“– корисна компилацијашто беше делена како семпл-издание на последната европска турнеја на *Новиот почеток*.

## aeonarcanum.bandcamp.com

Интернет-страницата на *Аеон Arcanum* моментално е неактивна, но на нивниот bandcamp профил сè уште може бесплатно да се симне нивното деби ЛП „Monuments“. Не сум штедел зборови за „Monuments“, а и сега ќе кажам – две години по неговото издавање сè уште го сметам за врвот на македонската метал-дискографија. Албум што може да му парира на кое било светско издание, од композиторски, од изведувачки и од продукциски аспект. *Аеон Arcanum* е еден од оние бендови за кои сум горд што делиме татковина и бенд на кој му посакувам многу поголем успех од оној што моментално го има. Затоа што го заслужува.

## kranrecords.bandcamp.com

*Кран рекордс* е етикета што издава музика исклучиво од кумановски артисти, меѓу кои се *СИЗ, Герила, ТБ Трачери, TV Rage, Хипнополис* и др. Од тука би го одвоил албумот „Тврдо, рапаво и прљаво“ на бумбап-раперите *Герила* – еден од поинтересните претставници на македонската хардкор рап-сцена. Интересно издание е и истоимениот дебитантски албум на постпанк/алтернатив-бендот *Хипнополис*, кој е еден од фаворитите на поновата алтернативна сцена. Доколку сè уште не сте запознаени со делото на ветераните ТБ Трачери, ќе имате можност тоа да го сторите преку нивниот албум „Кинки во нервозна џунгла“. И тоа за ич пари!

## post-global.com

*Post-global* е издавачка етикета оформена од Тони Димитров, која се занимава со музика од жанрови како амбиент, дроун, конкретна музика, теренски снимки и слично. Со десет изданија зад себе, овој издавач веќе се етаблира на меѓународно ниво, што е евидентно и по ростерот на артисти, составен од повеќе од половина странски уметници. Првите три изданија се целосно или делумно од македонски артисти и не би сакал да издвојам некое посебно. Посетете ја страницата и веднаш симнете ги сите три! За оние што се помалку запознаени со естетиката на овие уметнички форми – ова е добра шанса преку македонски музичари да се запознаат со нив. А, кога ќе „стекнат вкус“ за нив, зошто да не ги набават и другите изданија на *Post-global Recordings*?

И за крај...

Се надевам дека овој напис ќе им биде корисен на сите оние што се недоволно запознаени со македонската алтернативна сцена. Целната публика на ова списание е разновидна и сигурен сум дека голем дел од неа не е запознаен со овие македонски уметници. Во овој краток преглед се содржани изданијата за кои јас лично сметам дека најдобро ја претставуваат музиката на македонските артисти и тој треба да служи како вовед во неа. Таа е, сепак, неисцрпна. Голем дел од музичарите сè уште одлучуваат својата музика да ја емитираат во сферата преку споделување на страницишто служат за лесен пренос на информации, налик на касетната култура на 90-тите години, така што за голем дел од нив не сме ни свесни. Но доколку налетате на некои од нив, се надевам дека ќе им дадете шанса – една од целите на овој напис беше да се отвори свеста за македонската музика, за нејзината достапност и за нејзиниот квалитет. Се гледаме на концерт!

NATIONAL AERONAUTICS AND SPACE ADMINISTRATION
WASHINGTON 25, D.C.

February 26, 1962

IN REPLY REFER TO: AFP

Miss [illegible]
Spencer A
The University of Connecticut
Storrs, Connecticut

Dear Miss Kelly:

This is in response to your letter of February 20, 1962.

Your offer to go on a space mission is commendable, and we are very grateful.

This is to advise that we have no existing program concerning women astronauts nor do we contemplate any such plan.

We appreciate your interest and support of the nation's space program.

Sincerely,

O. B. Lloyd, Jr.
Director
Public Information

# ЗОШТО РОДОВИ СТУДИИ?

Откако почна да егзистира секцијата „Родови студии“ во рамките на интернет-страницата на „Излез“, многупати бевме доведени во ситуација да објасниме која е важноста на родовите студии во контекст на современото општество. Конечно, најдовме нешто што соодветствува на нашата мисија и што буквално, според моделот „една фотографија – илјада зборови“, објаснува што за сите нас променија родовите студии и родовите борби за еднаквост и што донесоа како позитивна новина сите оние (не)прочуени имиња на борци за родова еднаквост. За што поточно станува збор?

Станува збор за фотографиран документ од 26 февруари 1962 година со кој тогашниот директор на Националната аеронаутичка и вселенска агенција го одбива предлогот на извесна г-ца Кели да биде дел од вселенска мисија чисто поради фактот што е жена!

Денес, многу години подоцна, може да се пофалиме со жени што биле дел од вселенски мисии, може да наброиме многу жени што работеле, што работат и што ќе работат на многу позиции што во минатото биле резервирани само за припадниците на машкиот пол!

Денес, многу години подоцна, треба да се потсетиме каква била ситуацијата тогаши какви услови постоеле тогаш и да се потрудиме никогаш да не се навратиме на нив.

# **СЕДУМ** ВО СКОПЈЕ

## » ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ДРАМСКИ ПРОЕКТ ШТО ОБРАЗУВА, ПОТРЕСУВА И ЗБЛИЖУВА

Весна Илиевска [Филолошки факултет „Блаже Конески“]
Доријан Миловановиќ





На 2 ноември во Скопје гостуваше театарската изведба „СЕДУМ“ (SEVEN), започнувајќи ја својата балканска турнеја. Салата на киното „Фросина“ беше полна, а публиката што излегуваше по крајот на претставата беше или навистина замислена или длабоко навлезена во дискусија за правата на жената, што всушност го претставува и фокусот на СЕДУМ.

„СЕДУМ“ претставува драмски проект чија цел е да овозможи дијалог за човековите права и за правата на жената меѓу сите групи луѓе што учествуваат во него, особено со публиката. Нарекуван „документарна революционерна драма“, „СЕДУМ“ се потпира врз личните приказни на седум жени, борци за човекови и за женски права, поради што и изобилува со одредена блискост што ја примамува публиката да слуша, да чувствува и да разменува искуства.

Денешниот концепт според кој се изведува СЕДУМ вклучува неколку компоненти. При секоја изведба, седум „актери“ излегуваат на сцената и секој од нив чита по една од приказните на седумте жени-активистки, имено на Фарида Азизи од Авганистан, Инез Мекорак од Северна Ирска, Марина Писклакова-Паркер од Русија, Анабел де Лион од Гватемала, Муктар Маи од Пакистан, Му Сочуа од Камбоџа и на Хафаст Абиола од Нигерија. Седумте „актери“ вообичаено немаат зад себе професионално искуство во театарот и доаѓаат од најразлични сфери на животот: писатели, политичари, активисти, новинари итн. Драмските текстови што ги отсликуваат приказните на седумте активистки се напишани од страна на седум наградувани драмски писателки, кои во 2007 година ги интервјуирале овие жени. Во 2008 година, Хеда Крауц-Сјогрен обмислува продукциски концепт за „СЕДУМ“ и започнува турнеја низ светот.

„Првиот пат кога го прочитав текстот, не ми се веруваше што читам, колку само беше добро тоа што го прочитав! Навистина мислам дека убавината и сржта на концептот, она што го прави толку примамлив, е тоа што драмскиот текст што го читаат актерите функционира како платформа низ која луѓето може да се поврзат и да се вмрежат. Ова се однесува и на ансамблот од актери и на публиката. Тие ја исполнуваат првобитната функција на театарот, како кога започнал во Грција, во својата првобитна форма: иако бил ограничен само за мажи, претставувал јавен настан, а целта му била да се дискутираат морални дилеми и да се види животот од друга перспектива, да се идентификува публиката со туѓите маки, и мислам дека ова се случува со секоја изведба на 'СЕДУМ'. Во најуспешните случаи, и публиката има слично доживување кога ќе се сретне со овој драмски текст“, вели Хеда во интервјуто за „Излез“.

За актерот Бесфорт Идризи, кој ја режираше изведбата во Скопје, „СЕДУМ“, покрај тоа што е ново искуство за публиката, претставува и предизвик за режисерите на проектот.

„Можеби некој ќе си помисли дека е многу лесно да се режира овој драмски текст затоа што концептот веќе постои и нема повеќе простор да се прави некој нов режисерски концепт или бидејќи на овој начин текстот е поставуван секаде. Сепак, во оние рамки што се дадени од самиот проект постои голема слобода за иновативност. Така, на пример, и покрај тоа што овој проект е игран веќе во 19 земји, токму во Македонија се случи првпат да биде одигран симултано на пет јазици: македонски, албански, турски, српски и ромски“.

Начинот на кој функционира „СЕДУМ“ може да се спореди со Рубрикова коцка. Иако сите изведби се држат до драмскиот текст и до зададената рамка, во различните земји во кои има гостувано проектот, со публиката, како и со изборот на различни актери и режисери, „СЕДУМ“ зазема нова и малку

ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОЕКТОТ МОЖЕ ДА ДОЗНАЕТЕ НА **http://www.sevenwomen.se/en/**






поразлична форма на секоја нова локација. Ова, според Хеда Крауц-Сјогрен, си има свои придобивки и ризици.

„'СЕДУМ' се разликува во секој нов контекст. Успешноста на проектот е во тоа што може да се приспособи на секоја нова средина и да испрати релевантна порака. За мене, тоа е знак дека всушност културата игра голема улога во начинот на кој се восприма театарот. Всушност, културата е многу важен и незанемарлив елемент, кој, искрено, не го земаат предвид многу уметници. Меѓутоа, тоа е сосема нова тема. Во однос на негативните страни на овој процес, понекогаш се чувствувате дека, само што сте започнале нешто, треба да продолжите во друга земја или град".

Една од карактеристиките на „СЕДУМ" е тоа што, без оглед дали станува збор за Шведска или за Мароко, изведбите успеваат да ја поттикнат дискусијата за човековите права и за правата на жената. На прашањето дали овој проект има поголема важност за земјите во развој, каде што постојат многу прекршоци врз човековите права, за разлика од поразвиените, Хеда ја истакна потребата да се работи на тематики поврзани со ранливите и со маргинализираните заедници што постојат во сите земји.

„Често забораваме што е функцијата на уметноста во општеството. Шведска е земја што е поделена. Ние примаме повеќе бегалци од која било друга земја, но луѓето се сè уште затворени, а Стокхолм е поделен град. Затоа ни се потребни вакви проекти, затоа што е навистина тешко да се преместат овие граници, да се овозможи размена на искуства меѓу различните групи луѓе и најважно – да им се даде глас на ранливите групи. Мислам дека во други земји, можеби помалку развиени, овој театарски проект функционира на друг начин бидејќи со самиот чин на читање на овие приказни се отвораат проблематични прашања и им се дава можност и на публиката, но и на политичарите и на засегнатите групи, да се навикнат да зборуваат за темите како што се, на пример, родовата еднаквост и дискриминацијата".

За разлика од Хеда, Бесфорт признава дека неговите искуства со овие тематики се ограничени, но во исто време е благодарен нарежисерското искуствошто му е дадено преку „СЕДУМ", бидејќи неговиот став е дека поминувајќи низ процесот станал доста посвесен и позаинтересиран за дел од проблемите присутни во приказните.

„Искрено, не бев многу запознаен, но тука беше театарот и некако успеав низ неговата врата да навлезам подлабоко во овие проблеми и да ги погледнам малку поблиску. Се сретнав и со личните искуства на актерите, кои тие ги споделуваа со мене на пробите и кои на одредени места им правеа проблем во глумата затоа што се случуваше во одредени моменти да бидат преемотивни и пресубјективни и требаше да се смират одредени страсти и да се надминат одредени трауми од животот. Како да кажам, на некој начин, тоа заедно го поминавме и го пребродивме и сега, по овој проект, можам да кажам дека, иако не сум експерт, овие проблематики ги знам многу поподробно и поубаво".

Во текот на ноември е планирано проектот „СЕДУМ" да гостува во Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Косово, Хрватска и во Албанија. На изведбата во Скопје улогите ги читаа: Есма Реџепова-Теодосиевска, Аделина Марку, Рамадан Рамадани, Драгана Милошевска, Ахмет Ердем и Крсте С. Цидров. Гостувањето на „СЕДУМ" во Македонија беше организирано од Шведскиот институт, а проектот се изведе во соработка со Детскиот театарски центар и со Амбасадата на Шведска.



# КОЈА Е, ШТО Е, ЗОШТО Е ВАЖНА?

Маријана Јанческа

## СИМОН ДЕ БОВУАР

Родена е на 9 јануари 1908 година, а починала на 14 април 1986 година. Во текот на својот работен век објавувала есеи, романи и мемоари пронижени со егзистенцијализам. Особено е значајно нејзиното дело „Вториот пол“, кое е објавено во 1949 година и кое ја пласира теоријата дека во патријархалната култура, мажественоста е поставена како позитивна норма, додека нејзин негативен опозит, односно „она другото“, е женственоста. Главен стожер на ова дело е дефинирањето на жената како Друг, засновано врз нејзиното тело и врз репродуктивната способност што ја содржи, но и поради поделбата на трудот и спектарот на обврските што ѝ се „доделени“, а меѓу кои доминира грижата за домот и за децата.  Според Бовуар, жените мора да се трудат да ги зацврстат својата рационалност и критичка моќ ако сакаат да постигнат трансценденција.

Хауард Паршли го преведува делото на англиски јазик, но бидејќи имал само основно познавање на францускиот јазик и не многу широки знаења од областа на филозофијата, во тој превод теориите на Бовуар се целосно испревртени.

Бовуар во „Вториот пол“ го антиципира сексуално исполнетиот феминизам што го прокламираат Ерика Јонг и Жермен Грир и ја лансира мислата дека жена не се раѓа, жена се станува. Книгата расправа за тоа дека мажот ја прави жената Друг, се навраќа на историјата и на сите оние примери што ја посочуваат жената како девијантна и како абнормална. Бовуар го наведува примерот со британската писателка Мери Волстонкрафт, која ја застапува тезата дека мажите се идеалот кон кој треба да се стремат жените, и децидно се спротивставува на ова тврдење. Според неа, и жените се способни за еднакво добри избори како и мажите, но тие мора да се трудат да ја поминат „иманенцијата“, односно да достигнат „трансценденција“.

Исто така, важно е да се спомене и романот „Таа е тука за да остане“, објавен во 1943 година. Во овој метафикциски роман се обработува триаголникот меѓу Бовуар, Сартр и ликотшто е скроен како книжевна смеса од сестрите Олга и Ванда Косакиевиц. Освен што ја опишува комплексната врска меѓу Сартр и Бовуар, романот е значаен и поради објаснувањето, односно обработката на ménage à trois (тројката во врската). Бовуар си го зацементира местото на значаен автор во однос на егзистенцијалистичката етика со книгата „Двосмислена етика“, објавена во 1947 година.

Бовуар умира од пневмонија на возраст од 78 години и е закопана на гробиштата „Монпарнас“ во Париз, веднаш до Сартр.

Денес таа се смета за мајка на постфеминизмот.


СЕ ПРОДАВА
напуштено
земјиште
со површина од
25 713 $км^2$.
Информации на
првиот кат.

ЧИТАЈТЕ ГО НОВИОТ Ш

